Почитувани,

Водени од финансисите можности на БДМ, а со цел за доближување до меѓународните препораки за обликување научно-стручни списанија, Извршниот одбор и Издавачкиот совет на БДМ одлучија да воведат промени во техничкиот изглед на „Библиотекарство“. Притоа, списанието да ја задржи неодамна воведената фрекфентност од излегување два пати годишно.

Едновремено, Издавачкиот совет, од своја страна, направи обид за замена на шаблонската поделба на рубрики со реално постоечка, диктирана од содржинската исполнетост на Списанието.

И во оваа прилика, Редакцијата на „Библиотекарство“ ги повикува членовите на БДМ и неговите почитувачи на творечка соработка во име на развојот на библиотечната дејност што е дел на општата демократизација на едно општество.

*Од Редакцијата*

# С О Д Р Ж И Н А

**ОД АВТОРСКАТА ПАПКА НА …**

*Проф. Д-р Александар Димчев*

Пристап до информациите: новата улога на библиотеките .......... 4

*Проф. Д-р Александар Димчев*

Книги, библиотеки, медиуми, нови информациски технологии – во потрага по балансот: новите информациски технологии и ризиците за младата популација .......... 9

**ТЕОРИЈА НА БИБЛИОТЕКАРСТВОТО**

*Зорка Чекичевска*

Библиографски бази на податоци за балканските народи (култури) .......... 13

*М-р Димитри Димитров*

Библиометриска анализа на списанието „Библиотекарска искра“ .......... 19

**ЗАКОН ЗА БИБЛИОТЕКИ. ПОДЗАКОНСКИ АКТИ**

*Зорка Чекичевска*

Предлог текстови на подзаконските акти согласно Законот за библиотеки .......... 29

а) Правилник за определување редок библиотечен материјал (Зорка Чекичевска) .......... 30

б) Правилник за одредување стандарди за видовите библиотеки и условите за работа, сместување и чување на библиотечниот материјал (*Миле Бошески)* .......... 33

в) Правилникот за водење евиденција на библиотечниот материјал и на библиотечната документација (*Зорка Чекичевска)* .......... 45

г) Правилникот за регистарот на копии на библиотечни добра и за образецот на сертификатот (*Зорка Чекичевска)* .......... 49

**БИБЛИОТЕКАРСТВОТО ВО СВЕТОТ**

*Зорка Чекичевска*

71. генерална конференција и совет на Меѓународната федерација на библиотечни асоцијации, Осло, 14-18. август 2005: Белешки и впечатоци............................................................. 53

**БИБЛИОТЕКАРСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

*М-р Сузана Котовчевска*

Градската библиотека "Браќа миладиновци" – Скопје : 60 години постоење и растеж................. 56

**БИБЛИОТЕКАРСКО ДРУШТВО НА МАКЕДОНИЈА**

*Зорка Чекичевска*

Проекти 2006 год..........................................................58

Записник од 6. републички натпревар "Млади библиотекари", 2005, Крушево............................. 67

На насловната страница: Запис на глаголица, столб на манастирот Св. Архангел Михаил, Варош, Прилеп (ф: И. Исаковски)

# CONTENTS

**FROM THE AUTHOR'S FILES…**.......................4

*Prof. d-r Aleksandar Dimcev*

The Information Access : The New Role of Libraries

Prof. d-r Aleksandar Dimcev

Books, Libraries, Media, New Information Technologies – in Quest of Balance : New Information Technologies and the Risks for Youth

**THEORY OF LIBRARIANSHIP**

*Zorka Cekicevska*

Bibliographical Databases for Balkan's Nations (Cultures)................................................................ 16

*m-r Dimitri Dimitrov*

The Bibliomertical Analyses of the Review "Bibliotekarska iskra"

**LOW ON LIBRARIES. REGULATIONS**..........29

*Zorka Cekicevska*

Draft Regulationes arising a Law on Libraries

**LIBRARIANSHIP IN THE WORLD**................. 53

*Zorka Cekicevska*

71. IFLA General Conference and Council, 14-18 August 2005, Oslo, Norway. Annotations and Impressions

**LIBRARIANSHIP IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA** 56

*m-r Suzana kotovcevska*

Sity Library "Braka Miladinovci" Skopje – 60 Years Existence and Growth

**MACEDONIAN LIBRAY ASSOCIATION**.......... 58

*Zorka Cekicevska*

Projects 2006

Note from the 6. State Competition "Young Librarians", 2005, Krusevo

Проф. Д-р Александар Димчев
Философски факултет при Универзитетот
„Св. Климент Охридски“, Софија, Бугарија

По дипломирањето на Философскиот факултет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“, Софија, Д-р Александар Димчев (роден 1952 год. во Софија) работел во Народната библиотека „Св. Кирил и Методиј“, а од 1981 год. во Библиотеката на Софискиот универзитет како заменик директор.

Докторирал на проблемите на информативните служби на универзитетите.

Автор е на повеќе монографии за библиотекарството и на над 120 статии и извештаи од конференции во земјата и странство (Полска, Унгарија, Германија, Чешка, Словенија, Словачка, Србија и Црна Гора).

Предава библиотекарство на Универзитетот во Софија и на Технолошкиот универзитет. Од 1997 год. е вонреден професор на Отсекот за библиотекарство чиј шеф е во 2000-2003 год. Од 2004 год. е Декан на Философскиот факултет при Универзитетот во Софија.

Бил и е член на многу експертски тимови за проекти од развојот на библиотекарството во Бугарија, но и меѓународни (УНЕСКО, Фондација отворено општество).

Во периодот од 1994 – 2000 год. бил заменик-претседател и претседател на Сојузот на библиотекарите и информатичарите на Бугарија.

УДК 025.5

# ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ: НОВАТА УЛОГА НА БИБЛИОТЕКИТЕ

Проф. Д-р Александар Димчев
Философски факултет при Универзитетот
„Св. Климент Охридски“, Софија, Бугарија

Според експертите, во последно време постои загриженост за иднината на библиотеките. Конкуренцијата во информацискиот сектор е особено силна. Библиотеките, а особено јавните, во земјите на Централна и Источна Европа, сеуште функционираат како културни центри, што се должи на различни причини. Некои од нив почнуваат да го „разбиваат“ овој модел и да развиваат нови активности кои им носат поголема јавна поддршка. Тоа го постигнуваат со нови функции и инфорамциски услуги за населението: службени информации; деловни/стопански информации; информации од доменот на доживотно учење; културен туризам; информации и услуги за надминување на општествените потешкотии и проблеми итн.

***Клучни зборови***: *Информациски услуги, Јавни библиотеки*

Експертите кои минатите две децении работеа на проблемите на пристапот до информациите, ја споделуваа грижата за иднината на улогата на библикотеките во овој процес. Постојат повеќе причини за нивната загриженост.

Од една страна, тоа се должи на зголемената конкуренција во информацискиот сектор и промените на патиштата на комуникација при дисеминација на информациите во општеството. Според Питер Брофи, има десет закани за библиотеките: електронската хартија, новиот издавачки модел, он-лајн книжарниците, е-трговијата, дигиталната телевизија, интегрираното окружување за учење, е-универзитетите, мобилната комуникација, печатењето на барање, непознатото (други пронајдоци за иднината).

Кога се зборува за информациско-комуникациските патишта треба да се одбележи брзиот пораст на нивниот број и значителната разновидност. Се споменуваат околу 200 патишта (канали) извори на разновидни информациски текови кои се придодаваат на традиционалните информациски агенции каде припаѓаат и библиотеките.

Од друга страна, постои притисок врз политичарите, одговорни за распределба на средствата од директните финансиски извори на новите медиуми на информацискиот пазар. Даночните обврзници бараат подобри услуги, заштита на нивните интереси и поголема ефикасност во работењето на општествените организации. Средствата за култура се намалуваат. Делот од јавната одговорност се префрла на деловните кругови. Така, овие фактори се одразуваат врз активностите и влијанието на библиотеките како центри за дисеминација на информацијата.

Едновремено, библиотеките остануваат најопшти и најраспространети извори на информации во сите земји, со исклучително искуство. Тие го докажаа својот удел во задоволувањето на потребите на населението од информации. Библиотеки-

те ја уживаат довербата на јавноста и поддршката на општеството во целина. Покрај тоа, тие се сметаат за најдемократски институции заради нивните принципи на работа и етички кодекс, а особено заради услугите што ги нудат во олеснувањето и проширувањето на слободниот пристап до најголем дел од информациите. Не треба да се заборави ни нивната илјада години стара традиција на заштита и развој на човечката цивилизација и култура. Сепак, и библиотеките бележат промени. А, таквите промени подразбираат поразвиени и позитивни услуги. Токму тие се предуслов за надежта и гаранцијата за иднината на библиотеките.

Промените и предизвиците во светот на информациите, како и во „економиката на знаењето" бараат изнаоѓање нови улоги и модели на развој. Во таа смисла, библиотечната заедница во одделни држави направи сериозни напори за услогласување со новата реалност изразена во потреби и консолидација на библиотеките како суштина на информациските центри за населението.

Насоките за развој на јавните библиотеки содржани во документите на УНЕСКО, ИФЛА, ЕБЛИДА заедно со препораките, упатствата и проектите во рамките на Европската унија, меѓу кои се ПУБЛИКА, ПУЛМАН, ЛИБЕРАТОР и др., се особено значајни за експанзијата на пристапот до информациите и за подобрувањето улогата на јавните библиотеки. Посредно, во нив е идејата за активен општествен контекст на идната улога на библиотеките. Во таа смисла, ќе цитирам дел од Завршните документи на програмата ПУБЛИКА од 15 октомври 1999 г., Копенхаген (Данска) и од програмта ПУЛМАН од 14 март 2003 г., Оеирас (Португалија).

Копенхашката декларација ги предлага следниве значајни задачи на јавните библиотеки како јавни услуги:

1. ДЕМОКРАТИЈА И ГРАЃАНСТВО – Јавните библиотеки се во стратегиска прилика да го подобрат квалитетот на животот и демократскиот капацитет на населението во информациските општества обезбедувајќи им слободен и еднаков пристап до високо-квалитетни информации.

2. ЕКОНОМСКИ И ОПШТЕСТВЕН РАЗВОЈ – Јавните библиотеки го поддржуваат развојот на заедниците преку обезбедување информациски услуги создадени за да одговорат на локалните потреби. Тие се важни алатки во намалувањето на диспаритетот меѓу информациски богатите и информациски сиромашните граѓани на Европа.

Манифестот од Оеирас, од 2003 г. базира на актуелните политики и уште поразвиените врвни идеи за јавните библиотеки.

**Демократија и граѓанство**

• Да промовираат граѓанско и демократско општество низ задоволување на потребите на целата заедница, да овозможат слободен пристап до сите култури и знаења и да го елиминираат ексклузивитетот нудејќи им на граѓаните привлечен и пријатен амбиент. Треба да одговораат на потребите на специјалните групи: хендикепирани лица, тинејџери, постари, невработени и припадници на рурални средини.

• Да поддржуваат обезбедување услуги за е-влада, е-здравје, е-трговија и е-учење преку овозможување непречен, објективен и пријателски пристап и обука за користење електронски ресурси.

**Доживотно учење**

• Да се фокусираат на потребите на децата и на оние кои се грижат за нив обезбедувајќи им забава, безбедно и стимулативно окружување за извршување на училишните обврски и за слободното време, комбинирајќи ги игрите со новите технологии и создавајќи партнерства со школите и другите образовни тела.

• Да ја развиваат нивната улога на центри за вонинституционално и неформално образование нудејќи содржини, обука и поддршка на граѓаните од сите возрасти во целосното користење предностите на е-учењето.

• Да придонесуваат во развојот на функционално информациски описменето општество преку постојано промовирање на читањето и користењето на сите средства вклучително и WWW.

**Економски и општествен развој**

• Активно да учествуваат во борбата против дигиталната неписменост и нееднаквост како европски најискористен јавен пристап до Интернет - ПИАП (Public Internet Access Point) овозможувајќи пристап и обука за ризичните групи и обезбедувајќи услуги преку нови патишта (канали), како на пример дигиталната телевизија, која станува достапна на локално ниво.

• Заедно со локалните стопански и други субјекти да работат на поддршка на збогатувањето на економското знаење во Европа низ обезбедување квалитетни информациски услуги.

**Културна разновидност**

• Да го поттикнуваат чувството за локалната заедница, роднокрајната историја и генеалогија среде растечки глобализираниот свет низ помагање во создавањето, овозможувањето пристап и зачувувањето за идните генерации на дигитални и аналогни содржини какви чуваат локалните библиотеки, музеи и архиви.

• Да ги поддржуваат етничката, културната, јазичната и конфесионалната разновидност, културниот идентитет и социјалната интеграција, особено, низ вклучување на локалните и граѓански заедници во создавањето „Меморија на заедницата" составена од дигитални извори достапни за сите.

Со цел да се реализираат овие насоки, до властите се упатуваат следните препораки:

./ Да се подготви национална информациска политика за развој и координација на сите релевантни извори во јавен интерес.

./ Да се имплементира развојна програма за јавните библиотеки што ќе обезбеди минимум стандарди за пристап на секој граѓанин вклучувајќи потребни информациски и комуникациски технологии и соодветни нивоа на инвестиции адекватни на овие стандарди.

./ Соодветното финансирање и поддршка на национално и регионално ниво е потребно заради подобрување улогата на јавните библиотеки, работењето на заеднички активности со архивите и музеите како значајни организации кои работат на реализацијата на Акциониот план за Електронска Европа, промовирајќи го својот развој на центри за пристап до дигитални извори, дизајнирани да одговорат на потребите на јавноста во едно информациско општество.

Вакви платформи се исклучително важни за државите на Централна и Источна Европа. Тие се основа за лобирање пред владите за утврдување адекватна политика и развојна стратегија за финансирање на библиотеките.

Какви се тенденциите во однос на улогата на јавните библиотеки во Бугарија во овозможувањето за сите граѓани пристап до информациите на подемократски начин? Дали тие се во согласност со најновите тенденции и модели на однесување?

Во Бугарија постојат 6.942 библиотеки од кои 3.877 се јавни. Теоретски, јавните библиотеки продолжија да функционираат како културни центри заради неколку причини:

./ Сиромашно и сосема неадекватно финансирање.

./ Стареење на библиотечните збирки кои забрзано го губат својот информациски потенцијал.

./ Бавниот вовед на новите информациски технологии и информациски носачи.

./ Недостаток на свест за новата реалност на улогата на библиотеките.

./ Недостаток на концепт и законски акти на национално ниво.

Заради овие потешкотии, библиотеките ја губат својата традиционално водечка улога на главен комуникациски канал во општеството. Ваквите последици имаат забележителен негативен ефект на развојот на културните процеси, образованитео, економските информациски и други важни процеси во општеството. Библиотеките не се во можност да ги обавуваат главните функции на јавни библиотеки, меѓу кои се обезбедувањето информациски и образовни услуги како и придонес во општествениот и културен живот.

Во услови на сериозни економски проблеми во Бугарија, јавните библиотеки мораат да преземаат поголеми одговорности пред локалните заедници; да им пружат поддршка во надминувањето на тешкотиите и да им помогнат во изнаоѓањето начини на нормализирање на процесите во иднина. Ова бара погодно окружување за функционирањето на библиотеките. Со цел за соодветно одговарање на потребите на локалните заедници, неопходна е силна финансиска поддршка која ќе овозможи опстојување и развој на библиотеките. Потребна е, исто така, и квалитативна промена на политиката на нивните активности и мисија кои, во голем дел, зависат од библиотекарите.

Ќе наведам, накусо, одредени политики на кои библиотеките и локалната власт треба да обрнат поголемо внимание, политики кои на библиотекарите ќе им дозволат да станат партнери и ак-

тивно да учествуваат во надминувањето на дел од проблемите на локалните заедници на кој начин го прошируваат полето на своите активности. Некои од нив се новина за бугарските библиотеки. Следењето такви трендови е со општествена и економска полза, го подобрува влијанието на локалната власт и го враќа авторитетот на библиотеките.

1. *Пред општеството да се преземе товарот на одговорноста со концентрирање средства во библиотеките за купување информациски извори.* Цените на книгите се високи и луѓето со ограничени приходи не можат да си дозволат купување на ниту една книга. Потребните информации населението може да ги добие само во библиотеките. Нивната функција на агенции кои даваат бесплатни библиотечно- информациски услуги им овозможува да привлечат социјално маргинализирани лица и да им обезбедат информации. Според статистиката, 87% од населението е социјално загрозено. Најмногу погодени во оваа смисла се интелектуалците, студентите, младите луѓе и др. Во процесот на обезбедување пристап до информациите, јавните библиотеки треба да ги опфатат лицата со посебни потреби - адолесценти, хендикепирани лица, лица во подредена состојба, етнички заедниици, пензионери и други. Мудрата политика кон библиотеките и овозможувањето да станат фокални точки за обезбедување локални информации, исто така, прават да заземат потполно учество во процесот на континуирано образование.

2. *Бенефиции за невработените.* Според официјалните податоци, 18% од возрасното население во Бугарија е невработено. Библиотеките се повеќе стануваат партнери во обезбедувањето информации за преквалификација, деловни можности итн. Тие може успешно да се користат за основна обука и курсеви за квалификации.

3. *Трансформација на библиотеките во центри за општествени и стопански информации.* Промоцијата на овој вид активности ќе овозможи отворање на библиотеките кон општеството. Она што е потребно е формирање бази на податоци и каталози на фактички и информации на целосен текст од интерес на локалното население - информации за компании, услуги, институции, претпријатија во регионот, економски показатели, образовни институции (училишта, универзитети), информации за трговски активности, прописи за градење, локални правни прописи, банкарски активности, спортски и културни иницијативи итн. Вакви активности ќе се преземаат во голем број поголеми јавни библиотеки во Бугарија (Пазарџик, Варна, Плевен и др.). Покрај тоа, библиотеките можат да помагаат во повторното заживување и развој на општините.

4. *Библиотеката како општински информациски центар.* Ова може да се постигне преку организирање пракса на депонирање на правните прописи на локалните власти и одлуките и резолуциите на општинскиот совет што воведува транспарентност на локалната власт и поширок пристап до информациите. Градската библиотека во Софија е пионер во оваа смисла. Од друга страна, библиотеките може да го преземат вршењето информациски услуги во име на општинските власти. Ова на локалната власт и обезбедува одлична можност за лобирање, подигнување на својот авторитет и привлекување средства. Библиотеките може да станат главни информациски центри за регионални прашања на полето на културата, екологијата, туризмот, спортовите, историјата итн. Регионалните библиотеки во Варна, Бургас, Русе и Софија ги промовираа своите веб страници. Библиотеката во Бургас креираше веб сервер за градот и регионот градејќи линкови помеѓу библиотечната информациска мрежа, музејската и таа на други организации со значајни информации. Преку Интернет, библиотеките обезбедуваат врски кон надворешни и привлекуваат корисници кон своите извори на информации, зголемувајќи го пристапот до infорамции.

5. *Библиотеката како центар за воведување нови технологии и курсеви за информациска технологија.* Постепено, некои библиотеки почнуваат да заземаат таква улога. Опремувањето на библиотеките со компјутери овозможува организирање курсеви/ обука за адолесценти на кој начин тие се среќаваат со предизвиците на новите технологии. Користејќи ги таквите актуелни погодности, библиотеките имаат можност да го променат својот модел на функционирање, да станат информациски институции и да воведат нови услуги. На тој начин тие ќе станат партнер кој се почесто се бара од страна на младите луѓе.

6. *Библиотеките како консултантски агенции.* Препознатлива јавна институција, одредени активности кои тангираат голем дел од населението, на пр., давање совети за пополнување даночни формулари, деловни совети, правни совети, информации за административни прописи и настани, учество во проекти на е-влада итн.

7. *Библиотеката како културен центар за локалната заедница.* Бугарските библиотеки имаат значително искуство и долга традиција во оваа смисла. Тие треба да работат на проширување на оваа функција на различни форми на обезбедување информациски и медиумски извори, преземајќи заеднички активности со невладини организации, формирајќи аматерски друштва, создавајќи погодности за волонтерска работа итн.

8. *Библиотеката како рекреативен центар и медиум за работа на општествени прашања.* Читање, слушање музика и други начини на овозможување релаксација понудени од библиотеките се помош во одржувањето човечкиот потенцијал. Едно истражување покажало дека ова е фактор во економски посиромашни региони. На овој начин, добрите библиотеки може да му помогнат на општеството во решавањето на проблемите од типот: зависност од дрога, ширење порнографија, насилство итн. Библиотеките ја преземаа функцијата на филтрирање на ширењето на нерегулираната информација преку Интернет меѓу младата генерација. Постепено, тоа го прават и некои бугарски библиотеки.

Овиепроменина улогата најавнитебиблиотеки во Бугарија се поврзани со промената во мислењето и пристапот на библиотекарите. Тие, исто така, кореспондираат со сериозните обврски од страна на власта за што се потребни средства и дополнителни квалификации на персоналот.

Гаранција за востановувањето и консолидацијата на новата улога на јавната библиотека е заедничка стратегија на акција и поддршка; тоа ќе ја зајакне нејзината позиција и ќе придонесе за ефективна реализација на нејзнините општествени обврски во ерата на инфорамциското општество. Од политичка гледна точка, локалната власт има корист од постоењето на добра библиотека која ќе и донесе позитивни резултати среде различните слоеви на населението. Можеби токму овде треба да се бараат и да се најдат заедничките интереси на учесниците во информациската арена: библиотекарите, корисниците, политичарите.

ЛИТЕРАТУРА:

1) Дейвис, Р.: Стимулиране на промените в опщодостъните библиотеки. Инициативи на Европейскоторанище.ДокладпредНационалната конференция "Опщдостъпните библиотеки и предизвиактелствотонапромените",Благоевград, 30-31 окт. 1997, С. СБИР, 1998, с. 7-15.

2) Димчев, А.: Опщдостъпната библиотека - партньор на местната власт. - В.: Местното самоуправление - училище за демокрация. Наръаник на гражданско участие в местното самоуправление. Ч. ИИ. ФРМС, 1999, с. 36-39.

3) Дончева, А.: Читалищната библиотека - позиции в съвременното общество. Доклад пред юбилийната конференция "Читалищната библиотека - тардиции и бъреще", Елин Пелин, 20 ноември, 1997. Ръкопис.

4) Brophy, P.: The Library in the Twenty-First Century. New Services for the Informatin Ages. London, LAP, 2002, 221 p.

5) The Copenhagen Declaration.- In: Public Libraries and the Informatin Society. Conference, held in Copenhagen, 14-15 October, 1999. p. 4.

6) Cooperation in Action. Collaborative Initiatives in the World of Information. London. Facet Publishing. 174 p.

7) Davis, R.; Trohopoulos, I.: Public Libraries, Public Information, Digital Literacy and Citizen. – In: Libraries in the Age of the Internet. Papers from the International Conference held in Sofia, Bulgaria, 8-10 November, 2000. Sofia, 2001, p. 51-71.

8) The Oerias Manifesto. The PULMAN Agenda for e-Europe. Conference of Public Libraries, Local Museums and Archives – Learning from Each Other in e-Europe, held in Oerias, 13-14 March, 2003.

9) PubliCa. The Concernted Action for Public Libraries. The Leuven Workshop. 1997, 46 p.

UDC 025.5

**Summary**

## THE INFORMATION ACCESS: THE NEW ROLE OF LIBRARIES

In recent years, according to the specialists, there is a worry about the future of the libraries. The competition of the information sector is very strong. Libraries, and especially public libraries in the countries of Central and Eastern Europe, still function as cultural centers, due to various reasons. Some of them begin to „break" this model and start developing new activities, which can bring them larger public support. This is being accoplished through new functions and information services for the citizens: official information, business information, information about „life-long learning", cultural tourism, information and services for overcoming sociery's wearknesses and problems etc.

Key words: Information Services, Public Libraries

Превод од англиски,
Викторија Костовска
НУБ „Св. Климент Охридски", Скопје



УДК 004:159.923.2

# КНИГИ, БИБЛИОТЕКИ, МЕДИУМИ, НОВИ ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ – ВО ПОТРАГА ПО БАЛАНСОТ: НОВИТЕ ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ И РИЗИЦИТЕ ЗА МЛАДАТА ПОПУЛАЦИЈА

Проф. д-р Александар Димчев
Философски факултет при Универзитетот
„Св. Климент Охридски", Софија, Бугарија

Човечката историја бележи интересни примери за начинот на восприемањето и влијанието на различните комуникациски патишта (преноси, канали) и медиуми врз поединците и општеството.

Основниот медиум за пренос на информацијата на нашата цивилизација – **книгата**, не секогаш е восприемана еднозначно. Освен како средство за сочувување и пренесување на човечката мисла, знаење и модели и за социјализација на луѓето, сосема извесно е дека постојат и книги кои наидувале и наидуваат на сериозно неодобрување заради содржината и идеите изложени во нив.

Според Дејвид Рајт, **библиотеката,** таа непроценлива институција на човештвото, заедно со функциите кои ги врши во негова полза, можно е, како резултат на определени ситуации (религиозни, политички и идеолошки влијанија и интервенции) да поприми деструктивна улога која не е во интерес на народот.[1]

1. Неколку дијаметрално спротивни примери во прилог на оваа теза.
- Во Лондон постои една интересна библиоетка која комплетира окултна литература, документи за магии, вештици, пророштва и сл. Но, има некаква мистика околу таа библиотека. Интересно е што, ниту еден библиотекар не издржал да работи во неа повеќе од една година. Повеќето од библиотекарите што таму работеле или полудувале или го завршувале својот живот после тој период. Не е ли тоа чудна опомена за силата на влијанието врз нас на пораките и соопштеното во текстовите и симболите?
- Како типична илустрација од 20 век за политичко мешање во дејностите и ресурсите на библиотеките, што резултирало со нивно претворање во институции кои работеле по налог и закрила на определена идеологија, може да се посочат следните: Германија за време на нацизмот и земјите на поранешниот социјалистички блок. Таму биле забранувани автори (едни од највидните творци во светски размери), биле правени списоци на забранети книги, биле уништени илјади книги и документи од непроценливо значење. Интересен е и случајот со Франција (татковината на најдемократските идеи) од крајот на минатиот век по победата на локалните избори на националистичката партија на Лео Пен. Во многу градови каде таа партија дојде на власт, се вадеа книги од библиотеките туѓи на идеологијата на таа политичка опција. Несогласувањето на библиотекарите со одредена политика значело отпуштање од работа.

Појавата на **телевизијата** – тој моќен медиум на комуникација кој го измени светот, создаде можност од нејзино претворање во извор на информации и забава за стотици милиони жители на целиот свет. Покрај предностите, телевизијата има и свои недостатоци кои влијаат на нарушување на добрите модели на однесување и го прикажуваат насилството, порнографијата, нехуманите вредности и сл.

Според специјалистите денес се познати околу 200 различни канали кои служат за информирање на различни интересни групи. Секој од нив има свои предности и недостатоци. Прашање на истражувања, анализи и етички норми на општеството е тоа да биде направено така за да служи на доброто на човештвото.

Особено важно е информациските канали и медиуми да работат на пренос на најдобрите модели меѓу младата популација. Младите се најнезаштитени од ненормираното, не сосема коректно и несообразено на нивната возраст пренесување на информации што може да му наштети на нивниот нормален развој и социјализација.

Слична е состојбата и со прашањето за новите информациски технологии. Тие предизвикаа огроми промени во општеството. Десетпати ја зголемија работоспособноста на населението. Го променија светот и значително придонесоа за ширење на комуникациите и за демократизирање на пристапот до информациите и човековото знаење. Квалитетот на животот на луѓето во следните години, во голем дел, ќе зависи од користењето на новите информациски технологии и развојот на Интернет окружувањето. Оваа концепција е содржана во многу документи на Европската Унија од кои заслужува да се спомене „Електронска Европа+“ и „Шестата рамковна програма на Европската Унија за научни истражувања и технолошки развој“.

Денес човештвото е потчинето на Интернет и на новите информациски технологии. Дури повеќе од 500 милиони работни станици се вклучени во мрежата. Во неа дејствуваат околу 6 милијарди веб-страници на кои секојдневно им се додаваат од 2 до 7 милиони нови страници. Спопред пручувањата, полезната информација во мрежата е само околу 10-15%, а останатата е неупотреблива (отпад). Производството на медиски продукти и игри се претвори во една од најсериозните стопански гранки со огромни инвестиции и добивки. Само во САД во 2003 год., таа има обрт од 21 милијарда долари. Компјутерските игри се на пат де се претворат во нов потпорен столб на шоубизнисот и забвните програми. Процентот на населението над 6-год. возраст потчинето на „гејмерството“ е 50% (од кое 39% се жени).

Масовниот наплив на новите технологии може да се илустрира и со следните цифри. На секој жител на Планетата во 2003 год. отпаѓа по еден произведен ЦД РОМ. 90% од информациите се во форма на слика и филм. Воопштените цифри покажуваат дека, годишно, обемот пораст на новата информација е 30%.

По прашањето за можноста од користење и употреба на новите информациски технологии, информацијата и Интернетот, светот е поделен. Богатите земји произведуваат и поседуваат 85% од информациските извори и технологии, а тоа се 15% од земјите во Светот. Сиромашните држави имаат пристап до останатите 15% од информациите и технологиите. 60-85% од населението на богатиот свет има компјутери и врска со Интернет во своите домови. За луѓето од тие земји кои не можат да си дозволат компјутери и врска со мрежата од дома, државата применува специјални заштитни мерки преку обезбедување на технологиите во библиотеки, поштенски станици, училишта и др.

Со цел за надминување на дигиталниот јаз меѓу сиромашните и, со технологии и информации, богати држави, ООН формира работна група која ќе се занимава со таа знајна диспропорција на нашето време. Прашањата и проблемите поврзани со борбата меѓу тие овие две крајности ќе бидат објавени во извештајот на генералниот секретар Кофи Анан за време на Меѓународната конференција на информациското општество во Тунис во 2005 год.

**Каква е ситуацијата во нашата земја?**

Во почетокот на 2004 год., Националниот статистички институт направи истражување за да го утврди степенот на распространетост на новите информациски технологии кај нас. Согласно податоците, едвај 11% од населението на Бугарија има пристап до Интернет. По овој показател, земјата се наоѓа на едно од последните места во Европа.

Само 17,5% од населението користи компјутер. Околу 37% од тие кои користат PC и Интернет, тоа го прават од дома. Секој втор од тие кои имаат пристап до компјутерските технологии користи PC на работа. Од оваа група, Интернет на работа користат 39%. Другите кои ги користат овие технологии, тоа го прават во училиште или на универзитет – 14% PC и 10% Интернет. 23% од населението на нашата земја кое користи PC и 35% од корисниците на Интернет тоа го прават во дата-барови (компјутерски сали). 23% од населението во градовите користи компјутери, а околу 5% - во селата. Пристап до Интернет во градовите имаат 14% од население-

то наспроти 2% во селата.

Интересен за акцентирање за маладата популација е фактот што бугарските училишта и библиотеки се со многу ограничени можности за пристап до мрежата и за користење на компјутерските технологии. Тие, речиси, и не овозможуваат часови на слободен пристап наменет за младите. Тоа, младата публика ја прави присутна во компјутерските клубови (кафулиња).

Чекорејќи со новите информациски технологии, Интернет и науката, современиот свет покажува дека, заедно со позитивните ефекти, изразени во подобрување квалитетот на животот на луѓето, новите информациски технологии и нивните производи кријат и определени сериозни опасности – најмногу меѓу младите, а заради неправилното користење и прифаќање несоодветни информации. Во врска со ова, меѓународни организации, државни институции, невладини организации, психолози, социолози, педагози, криминолози, правници, библиотекари, информациски специјалисти, полициски органи и др. активно работат на надминување на можното негативно влијание врз младата популација. Се создаваат правила, прописи, етички и професионални кодекси, меѓународни конвенции.[1] Се бараат технички и програмски решенија како филтри, ограничување на пристапот за определени видови ионформации со маркирање вредни и незаконски содржини, следење и контрола на мрежата и др.

Негативните ефекти и последици од неправилното користење и примена на новите информациски технологии влијаат врз психичкиот развој на младото поколение, доведуваат до социјално оттуѓување, опасност по неповредливоста на личната слобода, нарушување на вредносниот систем, здравствени проблеми и др.

**Можните ризици се:**

- ширење информации кои поттикнуваат насилство, повреди на правата на другите граѓани и повреди на законите;
- душевно малтретирање и измачување со навреди, заплашувања и сл.;
- бесправен влез и пристап до странски информациски и компјутерски системи;
- религиозна пропаганда на секти;
- ширење идеи поврзани со расизам, ксенофобија или нетолеранција;
- дозволување увид во лични податоци за деца и семејствота кои создават опасности по нив;
- ширење порнографски информации и можности за привлекување деца да учествуваат во такви сајтови;
- финансиски измами;
- незаконски начини на одземање деца;
- десоцијализација на младите заради непрекинатото присуство и општење со „виртуелниот простор";
- губење на претставата на младите за реалните општествени проблеми, вредности и др.

Нека ми бидат дозволени извесни коментари на некои од посериозните феномени и проблеми од кои дел се прашања на зрелост и однос на општеството и државата кон својата идна генерација.

Некои специјалисти, Интернет започнуваат да го наречуваат **новиот наркотик на младите**. Непрекинатата работа со компјутерите создава сериозна зависност. Тоа води до отстапувања. Во ciber-просторот се е разрешено. Компјутерските игри дозволуваат промена на улогите. Во дел од нив, насилството и агресијата се нешто вообичаено. Младите се вклучуваат во тој цвет на илузии. Тие можат во витруелниот свет да си дозволат да контролираат или повеќекратно да одземат човечки живот. Во одредени моменти, особено кај помалите деца, улогите од замислениот свет се восприемаат како нешто реално. Тие стануваат дел од вредносниот систем и можат да се префрлат во играта „реален живот". За жал, тоа е факт и во нашето општество. Дел од младите луѓе кои извршиле криминални престапи и убиства во последните две години во нашата земја, признаваат дека се пасионирани корисници на игрите со насилство и крвави сцени.

Постојаното присуство на младите во виртуелниот свет создава многу **илузии.** Тоа е причина тие што престојуваат во него да страдаат од нарушување на нивната волја, креативност и способност да се борат во решавањето на реалните потешкотии и проблеми. Се намалуваат и нивните социјални контакти. Децата стануваат апатични, не сакаат да се сретнат со своите врсници. Анонимноста е дел од светот на мрежата. Утврдено е дека 56% од децата кои сурфаат на мрежата повеќе од 5-6 часа дневно, се претвораат во самотници. Тие тешко се адаптираат во општеството и во групите и живеат во својот мир.

1. Советот на Европа има подготвено Конвенција за борба против повредите на cyber-просторот. 30-те членки на Советот го имаат потпишано документот кој стапи во сила на 01. јули 2004 год. Досега е ратификуван само од 8 земји меѓу кои не е Бугарија.

На почетокот на излагањево посочено е дека околу 23% од корисниците на PC и 35% од корисниците на Интернет во Бугарија, тоа го прават во компјутерските клубови. Мнозинството што преовладува се тинејџерите. Во повеќето од овие технолошки места не постојат и не се применуваат никакви правила за заштита на младите луѓе од опасности. Општопознато е дека во клубавите може слободно да се дојде до секаков вид информација на мрежата. Во нив на мода се игрите со агресија и насилство. Во дел од клубовите се дистрибуира и дрога. Дури, мали деца можат да го поминат деноноќието во Интернет клубот без да бидат конктолирани.

Нерегулираната информација (порнографска и еротска) во голема мера е присутна на мрежата. Според податоци од печатот, во Бугарија има околу 150 студија за виртуелен секс чиј број постојано расте наспроти обидите на соодветните органи да го пресечат тој процес. Во 2003 год., полициски органи отстраниле 63 бугарски сајтови со порнографска содржина.

Што треба да се направи за да се намалат ризиците за младата генерација во виртуелниот и технолошки простор?

На прво место – меѓународната пракса има доста добро разработени пристапи. Во нивната основа, пред сè, стои идејата за разјаснување и изолирање на опасностите, а не забраните. И во нашата земја има слично искуство последните неколку години. Тоа е изложувано на форуми на различни министерства, невладини организации, органи на превенција. Голем проблем е што тоа останува изолирано меѓу учесниците на одредени средби или на страниците на презентираните учебни помагала, етички кодекси, инструкции, упатства и сл. Изостанува следниот чекор – распространувањето во општеството, разговорот со субјектите на новиот информациски свет – нашите деца.

На второ место – државните институции и локалните власти се должници на младото поколение. Приоритет треба да е обезбедувањето компјутери и Интернет пристап во, за тоа, општествените точки – библиотеки, читалишта, училишта. Во тие институции веќе има специјалисти кои можат и знаат да работат на чист информациски простор. Тоа е модел кој се препопрачува во светот и кон кој стремиме.

На крајот, би им предложил на колегите од други научни области како психологија, етика, социологија, семиотика, психолингвистика и др. да се насочат кон тоа интересно поле – нови информациски технологии и нивното влијание во општеството. На пример, од сериозен интерес се темите:

- етички проблеми на информациското општество,

- психолошки проблеми на восприемањето информации од новите информациски технологии,

- новите информациски технологии и проблемите на развитокот на личноста,

- новите информациски технологии и Интернет и деструктивните појави,

- однесувањето и социјалните проблеми поврзани со новите информациски технологии и Интернет и сл.

ЛИТЕРАТУРА:

1) Еленков, Е.: Status quo. Списанието на Mtel, бр. 3, 2004, стр. 6.

2) Интернет е новия наркотик на младите. Стандарт, бр. 4063, 29 април, 2004.

3) НСБОП: Ограничихме детското порно. Труд, 16 май, 2004.

4) Огнянова, Н.: Право и етика на информационното общество. Учебно помагало за 10 клас. С., Нова звезда. 2002.

5) Птеров, Н.: Кибердяволът счупи бутилката. София още не е ратифицирала конвенция срещу престъпността в Интернет. Труд, 21 септември, 2004.

6) Правата на децата в информационното общество. Сборник с доклади от Национална конференция, София, 28 май, 2001. С., 80 стр.

7) Проблеми на насилието, наркоманията и наркопрестъпността в средните училища. С., ЕОС, 2001, 152 стр.

8) Технологиите в информационното общество в Шеста рамкова програма на Европейския съюз за научни изследвания и технологично развитие (2002-2006). София, 2003. 132 стр.

9) Шеста рамкова програма на Европейския съюз за научни изследвания, технологично развитие и демонстрации (2002-2006). Обзор. С., 2003. 40 стр.

10) The School Library Manifesto. IFLA, 2000. 6 p.

11) Reith, D.: The Library as Social Agency. – In: The Library in Society. Littleton Libraries Limited Inc, 1984. p. 5-17.

12) Definitions. What Parents should know. – The librarian Guide to Cyberspace for Parents and Kids. http://www.ala.org/parentspage/greatsites/

13) 50+Great Web Sites for kids and Parents. http://www.ala.org/parentspage/greatsites/

14) http://www.ispo.cec.be (за изграждането на информационното общество в Европа)

УДК 004.65:323.1(497)

# БИБЛИОГРАФСКИ БАЗИ НА ПОДАТОЦИ ЗА БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ (КУЛТУРИ)[1]

Дипл. прав. Зорка Чекичевска, виш библиотекар
Народна и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски", Скопје

Поаѓајќи од целите на меѓународните конвенции и декларации за правата на човекот, а особено правото на национален и културен идентитет како и етаблираната политика на негување на културната посебност, овде е изложена идеја за формирање библиографски бази на податоци на културите на Балканот.

Согласно единствена методологија на селектирање и обработка на документите, тие би содржеле библиографски информации за сите аспекти од постоењето и развојот на еден народ и неговата култура вклучително и на неговите национални малцинства во други Балкански држави. Така, би биле најсеопфатни бази на библиографски податоци за одреден народ во целоста на неговата етничка распространетост.

Направена е и проекција на принципите и методологијата на нивно организирање.

***Клучни зборови***: *Бази на податоци, Национален идентитет, Балкан*

## ВОВЕД

Лулката на западната цивилизација, Европа, а сега уште повеќе, Европската Унија, го промислува сопственото културно наследство како колективно паметење на мноштво културни посебности, на различни културни традиции.

Кон својата географска целина, меѓу другото, декларативно и фактички, Европа се однесува како кон единствен културен простор, кон единствено културно наследство. Процесот на хармонизација на целите, стратегиите, правилата, прописите и стандардите за резултат имаат самообврзување на Европската Унија на постапување според кое ниедна културна посебност не може различно да се третира во зависност од тоа дали некоја од земјите е или не е членка на Унијата.

Од друга страна, нашето совремие од крајот на 20. и почетокот на 21. век, гледано глобално, навестува завршеток на една фаза од развојот на општеството идентификуван како граѓанско и, едновремено, означува почетокот на нова - информациско општество. Ова, не само заради интензивниот технолошки развој туку, многу повеќе, заради круцијалното значење на слободниот достап до знаењето и информациите за секој граѓанин на светот.

Библиотеките и библиотекарите како информациски брокери или менаџери на знењето и на информациските ресурси се од исклучително значење за развојот на информациското општество. Таква констатација проследена со соодветна стратегија на дејствување е направена на Светскиот самит за информациското општество од декември 2003 год. На истата конференција е нагласена потребата и корисноста на покренување проекти на библиотечната заедница од регионален карактер.

Организирањето и водењето јавно достапни библиографски бази на податоци за народите односно културите на Балканот, што е предмет на оваа статија, соодветствува со така утврдената стратегија на развој, практикување, промовирање и консумирање на културата општо.

## 1. ПРАВНИ ОСНОВИ

Многустраноста на значењето на културата и културниот идентитет за човештвото и човекот како индивидуа одамна се предмет и на правна заштита, како меѓународна така и национална.

Уште во 1948 год., меѓународната заедница, артикулирана преку Обединетите нации, меѓу другите, ќе утврди: „Секој има право слободно да учествува во културниот живот на заедницата, да ужива во уметноста и да учествува во научниот напредок и погодностите кои оттука произлегуваат."[2]

Поаѓајќи од цивилизациската „сопственост" на културата општо и на секоја посебно, во напорите за градење стандарди за интегрирање на земјите

1. Излагање на Меѓународната конференција „Библиотеки, глобализација и соработка" одржана во Софија, 3-5 ноември, 2004 год.

2. Universal Declaration of Human Rights (1948), article 27, point 1. In: The World Book Encyclopedia. Vol. 9. - Chicago ; London ; Sidney ; Toronto : World Book, Inc., 1992. - p. 430.

во членство, институциите на Европската Унија ќе утврдат: „Целта на правилната поддршка на ширењето на културата не смее да се постигне со жртвување на строгата заштита на правата или со толерирање на незаконските облици на дистрибуција на фалсификуваните или пиратските производи“[1]

Надоврзувајќи се на правата на човекот, а поаѓајќи од историјата, но и актуелниот амбиент на национална/културна разновидност на Европа, нејзините институции ќе утврдат и ниво и стандарди за заштита на националните/културни посебности кои опстојуваат како малцински. Така, еден постулат на сегашното и, уште повеќе, идно европско живеење гласи: „Оценувајќи дека едно плуралистичко и вистински демократско општество мора не само да го почитува етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на секој припадник на национално малцинство, туку и да создава услови за изразување, соочување и развој на тој идентитет“[2]

Правниот систем на Република Македонија содржи одредба според која државата „...гарантира заштита, унапредување и збогатување на историското и уметничкото богатство на македонскиот народ и на националностите...“[3]

Тоа, впрочем не е само право туку и должност на секоја држава од аспект на времето.

И, конечно, за национален интерес во областа на културата, Република Македонија го утврдила „Обезбедувањето услови за остварување и за заштита на културниот идентитет на заедниците во Република Македонија“[4]. Но, исто така и „Грижа за културниот развој и остварување на културните права на македонското малцинство надвор од Република Македонија...“[5]

Цитираните акти и одредби од нив не е со цел наоѓање правна можност за пристапување кон формирање бази на податоци за народите и културите на Балканот бидејќи таквиот вид соработка меѓу земјите со ништо не е ограничен ниту забранет. Напротив. Овие, и не само овие, акти се илустрација за грижата на човештвото за сочувување на сопственото дело и идентитет во сета негова поливалентност. Дури и преку механизам на самозаштита од евентуални оштетувања, искривувања или заборав.

1. Directive 2001/29 EC of the European Parliament and of the Council of 22 May 2001on the harmonisation of certain aspects of copyright and related rights in the iformation society. Point 22 of the goals.
2. Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства, точка 7 од целите. Совет на Европа, 1995.
3. Устав на Република Македонија, член 56, став 2 („Службен весник на РМ“ бр. 52/91; 1/92; 31/98; 91/01).
4. Закон за културата, член 8, став 2, точка 5 (“Службен весник на РМ” бр. 31/98 и 49/03).
5. Исто, точка 6.

## 2. ПРОЕКЦИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

### 2.1 Цели

Целта на формирањето јавно достапни библиографски бази на податоци за народите на Балканот е понуда и овозможување најцелосна, најсеопфатна и најбогата информација за нивното опстојување, развој, национален и културен идентитет во целината на нивната етничка распространетост на Балканот.

Ова, особено, заради бурното историско минато проследено со мноштво промени на границите и државните заедници, но и делбите и кинењата на националните ткива на народите и, на тој начин, продуцирањето на малцинства - национални, културни, етнички, верски.

### 2.2 Основање

Основањето на базите ќе се регулира со меѓудржавен мултилатерален или билатерални/трилатерални договор(и) за соработка меѓу министерствата за култура односно соодветните министерства на државите на Балканот.

Освен искажаната волја за основање, со договорот(ите) ќе се регулираат и прашањата на предмет, опфат, структура и дизајнирање, софтвер, опрема, обработка и ажурирање, финансирање, излезни продукти и др.

За водењето на работите околу формирањето, водењето и управувањето со базите, потребно е основање на посебно правно лице со седиште во една од земјите каде би била лоцирана и информатичката опрема.

Во врска со единствениот софтвер, земјите соработнички би се одлучиле меѓу изнајмување нов или користење од страна на сите на веќе постоечки во некоја од земјите.

Договорот/ите треба да ги регулира и прашањата на управување и раководење (критериумите на застапеност на земјите во телата на правното лице кое би управувало со базите) како и на финансирање (почетно учество за основање и критериуми за алиментирање на трошоците за работа на правното лице односно ажурирање на базите).

Оперативно, базите ќе ги градат/ажурираат организации определени од соодветните министерства на државите.

Реализацијата на ваков проект би бил потпомогнат од европските структури.

2.3 Предмет

За свој предмет, базите на податоци ќе ги имаат библиографските единици за народите и етничките заедници на Балканот од аспект на нивното историско постоење и развој како и национален односно културен идентитет во целината на нивната етничка распространетост на Балканот.

Во таа смисла, би се формирале посебни бази на податоци за секој народ или етничка заедница.

Низ функционирањето на правното лице кое ќе управува со базите, земјите ќе ги дефинираат поконкретните критериуми за селекција односно опфат на библиографски единици во базата по медодот на позитивно набројување и исклучување. Таквата селекција би се вршела тематски и формално, по вид на библиотечен материјал.

Заради критериумите на опфат, вака проектираните бази на податоци истовремено се и потесни и поширoки од поединечните нациоанални библиографии иако, во еден дел се поклопуваат со нив.

2.4 Структура

Од значење за структурата на базите битни се прашањатаза: принципитеистандардитезастручна обработка (обем на примена на ИСБД(м,с,а), УДК или без неа, задолжителна билингвална предметизација - на сопствениот јазик и на англиски), можностите и начините на пребарување (согласно тематската обработка и сегментираноста на базите), информативноста во однос на достап до документите со означување во описот во која библиотека од земјите тие може да се најдат), евентуалното организирање поединечни сегменти на базите и сл.

Сето ова е битно заради идентичност на информациите и компатибилност на излезните продукти (заеднички билтени, библиографии и сл.) како и избегнување редундантност при преземање на селектираните единици како записи од националните библиографии на земјите соработнички во овој проект.

2.5 Ефекти

Постоењето јавно достапни бази на податоци за балканските народи за ефект нуди: создавање информација за библиографските единици за еден народ лоцирана на едно место на информирање, исцрпност на бараната информација, отсуство на потребата од пребарување во повеќе бази како и поефтинување на информатичкото време односно зголемување ефикасноста на научно-истаражувачките процеси.

Конечно, и во никој случај, не смее да се запостави и можноста од збогатување на врските меѓу народите од регионот, нивно запознавање, зближување и јакнење на соработката, разбирањето и меѓусебната доверба.

**Литература**

ДИМИТРОВ, Никола: Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства: Историјат и теоретски импликации.- Скопје ; Мелбурн : Матица македонска, 1999. - 232 стр.

DIRECTIVE 2001/29 EC OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL OF 22 MAY 2001 ON THE HARMONISATION OF CERTAIN ASPECTS OF COPYRIGHT AND RELATED RIGHTS IN THE IFORMATION SOCIETY.

ЗАКОН ЗА КУЛТУРАТА. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/1998 и 49/2003.

LIBRARIES IN THE HEART OF THE INFORMATION SOCIETY: Proceedings of the IFLA Pre-World Summit Conference, Geneva 3-4 November 2003. - Geneva : University of Geneva, 2003. - 142 str.

РАМКОВНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА. Совет на Европа. 1995.

UNIVERSAL DECLARATION OF HUMAN RIGHTS, OUN, 1948.

УСТАВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/1991; 1/1992; 31/1998; 91/2001).

UDC: 004.65:323.1(497)

# BIBLIOGRAPHICAL DATABASES FOR BALKAN'S NATIONS (CULTURES)[1]

Grad. Lawyer Zorka Cekicevska, senior librarian
National and University Library
„St. Kliment Ohridski", Skopje

Considering the goals of international conventions and declarations for human rights, especially the right of national and cultural identity and establish politic of cultural peculiarity, here is exposed idea for forming bibliographical databases of Balkan's cultures.

According with unique methodology of selection and processing of documents, they contains bibliographical informations for all aspects regarding existing and developing of one nation and its culture including its national minorities in other Balcan's states.

So, these databases will be the most entire databases of bibliographical returns for determined nation in entirety of its ethnical spreading.

Proection of principles and methodology of their organisation is made

KW: Databases, National identity, Balkan

## INTRODUCTION

The cradle of the Western civilization, Europe, and now increasingly, the European Union, is treating its cultural heritage as a collective memory of many cultural diversities, of various cultural traditions.

Europe, on both declarative and actual basis, treats its geographic entity as a single cultural space, as single cultural heritage. The process of harmonization of the aims, objectives, rules, regulations and standards have imposed to European Union self-commitment according to which no cultural diversity can be treated differently depending on whether some of the countries is a member of the EU, or not.

On the other hand, our modern times from the end of the 20th and beginning of 21st century, viewed on a global scale, heralds end of a stage of society development, identified as a civil society, and, at the same time, denotes a commencement of a new one - information society. This is not due to the intense technology development only, but, much more, for the crucial importance of the free access to knowledge and information for any citizen of the world.

And the libraries and librarians, as information brokers or managers of knowledge and information resources are of exceptional importance for the development of information society. Such conclusion, followed by an appropriate action strategy was made at the World Information Technology Summit in December 2003. At that conference, the need and usefulness of initiating regional projects of the libraries community.

Organization and management of public access bibliographical databases about the peoples and cultures of the Balkans, which is a subject of this study, is in alignment with so determined development strategy, practice, promotion and consumption of culture in general.

## 1. LEGAL BASES

The multiple facets of the significance of culture and cultural identity for the humanity and the individual person have for a long time been a subject of legal protection, both international and national.

As early as in 1948., the international community, articulated through the United Nations, among others, has established: „Everyone has the right freely to participate in the cultural life of the community, to enjoy the arts and to share in scientific advencement and its benefits"[2]

Starting from the civilization „ownership" of the culture in general and of each of the cultures individually, in the efforts to build standards for integration of the countries into membership, the European Union institutions will establish: „The objective of proper support for the dissemination of culture must not be achieved by sacrificing strict protection of rights or by tolerating illegal forms of distribution of counterfeited

1. Published in: Libraries, Globalisation and Cooperation : Papers from the International Conference held in Sofia, 3-5 November, 2004. Sofia, 2005, str. 145-148.

2. Universal Declaration of Human Rights (1948), article 27, point 1. In: The World Book Encyclopedia. Vol. 9. - Chicago ; London ; Sidney ; Toronto : World Book, Inc., 1992. - p. 430.

or pirated works.“[1]

Referring to human rights and taking into consideration the history as well as the actuel situation of the national/ cultural diversity in Europe, the European institutions will define both the level and standards for preservation of the national/cultural entities that exist as minorities. Thus, one postulate of the current, and, moreover the future European living is as follows: „Considering that a pluralist and genuinely democratic society should not only respect the ethnic, cultural, linguistic and religious identity of each person belonging to a national minority, but also create appropriate conditions enabling them to express, preserve and develop this identity“ [2]

The legal system of the Republic of Macedonia contains a provision according to which the state „...guarantees protection, furthering and enrichment of the historic and artistic treasure of the Macedonian people and the minorities...“[3]

That is, actualluy, not only the right, but also, the obligation of each country when the time is considered.

And, finally, regarding the national interest in the field of culture, the Republic of Macedonia has defined the following principles: „Provision of conditions for realization and protection of cultural identity of the communities in the Republic of Macedonia“[4], and „Care for cultural developement and fulfillment of cultural rights of Macedonian minority outside of the Republic of Macedonia...“[5]

The cited acts and articles are not given in order to present legal options for approaching the formation of databases for the peoples and cultures on the Balkans since that kind of cooperation among countries in neither limited or prohibited. These, and many other acts illustrate the care of the humanity for the preservation of their endeavor and identity in its differences through the mechanism of self-defence of eventual damages.

1. Directive 2001/29 EC of the European Parliament and of the Council of 22 May 2001 on the harmonisation of certain aspects of copyright and related rights in the iformation society. Point 22.
2. Framework Convention for the Protection of National Minorities”. Point 7 of the goals. Council of Europe, 1995.
3. Constituion of the Republic of Macedonia. Articale 56, paragraph 2 (Official Gazette of RM, No.52/91; 1/92; 31/98; 91/01).
4. Law on Culture. Article 8, paragraph 2, point 5 (Official Gazette of RM, No. 31/98 and 49/03).
5. Ibidem. Point 6.

## 2. PROJECTION FOR REALIZATION

### 2.1 Aims

The aim of the creation of public access bibliographical databases about the peoples of the Balkans is to offer and provide the most complete, the most detailed and the richest information on their existence, development, national and cultural identity in the whole of their ethnic spreading on the Balkans.

This is particularly important because of the tumultuous history followed by many changes of the borders and state communities, as well as the division and tearing of the national tissues of the nations, resulting with creation of minorities-national, cultural, ethnic and religious.

### 2.2 Creation

The creation of the public access databases shall be regulated by the inter-state multilateral or bilateral/ threelateral agreement(s) for collaboration between the Ministries of culture i.e. appropriate ministries of the states on the Balkans.

Besides the expressed for creation, the agreement(s) shall regulate the issues about the subject, contain, structure and designing, software, equipment, processing and updating, financing, outcoming products etc.

It is necessary to establish particular one institution that shall manage the foundation activities and databases, with headquarter in one of the countries there will be also located the information equipment.

Regarding the unique software, the collaborating countries will decide for leasing of a new one or using of the existing by all of them, in one of the countries.

The agreements should also regulate the management issues (criteria about the presence of the countries in the managing bodies of the institution that should manage the databases) as well as financing (starting participation in establishment and criteria for compensation of the expenses occuring as a result of the institution activities i.e. updating of the databases).

Operationally, the databases shall be created/updated

by the organizations appointed by the appropriate ministries of the countries.

Realization of such a project will be supported by the European structures.

2.3 Subject

The subject of the bibliograpical databases shall be units about the nations and ethnical communities on the Balkans regarding their historical existence and development as well as their national i.e. cultural identity in the whole of their ethnic spreading on the Balkans.

In that sense, particular databases about each nation or ethnic community shall be created.

By means of the institution that shall manage databases, the countries shall defined more precised selection criteria i.e. the scope of units in the bibliograpical databases according to the method of positive listing and excluding. Such selection shall be made by topics and formally, by the type of library material.

Because of the scope criteria, databases designed in that way, are in the same time narrower and larger than the unit national bibliographies, although there is a part that coincides.

2.4 Structure

The issues of great importance for the structure of databases are those about the principles and standards for professional processing (scope of application of ISBD (M,S,A), UDC or without it, compulsory bilingual subject headings -in own language and in English), possibilities and the way of searching (according to the topic and segmentation of databases), information in relation to the accessibilities of documents by marking in the description in which library of which country they might be found), eventual organization of particular segments of databases etc.

All this mentioned-above is of great importance because of the identity of the information and compatibility of outcoming products (common bulletins, bibliographies etc.) as well as avoidance of redundancy at undertaking the selected units as well as the records from the national bibliographies of the countries collaborating on this project.

2.5 Effects

The existence of public access bibliographical databases about the nations on the Balkans makes the following effects: providing information on the units about particular nation located in one place (database), detailed information, no need for searching many databases as well as decreasing of the price of information time i.e. increasing of the efficacy of scientific-researching processes.

Finally, but not less important, the possibility of enhancing the relations among the nations in the region, their collaboration, bringing together, and strengthening of understanding and mutual confidence.

REFERENCES

CONSTITUTION OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA. 1991, 1992, 1998, 2001.

DIMITROV, Nikola: The Framework Convention for the Protection of National Minorities: Historical Backgraund and Teoretical Implications.- Skopje ; Melburn : Matica makedonska, 1999. - 232 str.

DIRECTIVE 2001/29 EC OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL OF 22 MAY 2001 ON THE HARMONISATION OF CERTAIN ASPECTS OF COPYRIGHT AND RELATED RIGHTS IN THE IFORMATION SOCIETY.

FRAMEWORK CONVENTION FOR THE PROTECTION OF NATIONAL MINORITIES, Council of Europe, 1995.

LAW ON CULTURE. Official Gazette of the Republic of Macedonia. 1998, 2003.

LIBRARIES IN THE HEART OF THE INFORMATION SOCIETY: Proceedings of the IFLA Pre-World Summit Conference, Geneva 3-4 November 2003. - Geneva : University of Geneva, 2003. - 142 str.

UNIVERSAL DECLARATION OF HUMAN RIGHTS, OUN, 1948.

УДК 050.489:02(497.7)„1955/2000“

# БИБЛИОМЕТРИСКА АНАЛИЗА НА СПИСАНИЕТО „БИБЛИОТЕКАРСКА ИСКРА“

М-р Димитри Димитров, виш библиотекар
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“ - Скопје

Дадено е кусо појаснување на поимот библиометрија и негова практична примена низ библиометрискиот приказ на списанието „Библиотекарска искра“ од 1955 до 2000 година.

***Клучни зборови:*** *Библиометрија, Списание „Библиотекарска искра“*

## За библиометријата

Во литературата за библиотекарство многу често се сретнуваат термините библиометрија, библиотекометрија, информетрија и наукометрија. Анализата на нивната структура покажува дека тие се составени од терминот *метрија* со библиографија, библиотекарство, информација и наука. Терминот *метрија* (metreo→мерам) е втор дел од посложени изрази и означува мерка, односно мерење. Споменатите четири поими се однесуваат на мерење на знаењето. Нивното толкување доведува до сознание за нивна меѓусебна испреплетеност. Затоа, пред да се разбере нивната примена, потребна е определена класификација.

Објаснувањето и применувањето на библиометријата - релативно нов поим со сеуште неусвоено еднострано значење - претставува примена на математички и статистички методи на севкупното човеково знаење печатено на хартија или запишано на сметач. Библиометријата е метод со кој квантитативно се проучуваат збирови библиографски записи на човечкото творештво, односно најголем дел на забележаното знаење како севкупен производ на човечкиот ум кој физички опстојува самостојно. Притоа, се истражуваат разните односи на елементите на библиографскиот запис како одраз на содржината, но не и самата содржина на дадената литература.

Според повеќе извори, терминот библиометрија се појавува кон крајот на шеесеттите години на 20 век. Пред овој период за проучување на записите со примена на статистички методи се употребувал терминот *статистичка библиографија*. Библиометријата бележи посебен подем во периодот на појавувањето и користењето на сметачките машини. Новите информациски технологии овозможија формирање бројни бази на податоци од кои е можно користење на барани податоци, нивно средување на нов современ начин кој во значителна мерка придонесува за квалитетна и ефикасна статистичка анализа.

Како предмет на анализата се спомнуваат:

– определување на обемот на научната литература;

– пораст и динамика на растот на определената литература и нејзиното застарување;

– структура на научната литература и знаењето општо;

– содржинска поврзаност на сегментите;

– продуктивност на авторите (индивидуална или во групи);

– ефекти на соработката и користењето на научната литература,

со други зборови кажано, анализа на процесот на создавањето на знаењето.

Толкувањето на таквата релевантност што ја препознаваме како *нужна* или *потребна информација*, се засновува на теоретските трудови и закони кои се појавуваат уште во триесеттите години, за што особено внимание покажале голем број истражувачи во седумдесеттите години на минатиот век. Тогаш доаѓа до нагол развој на библиометријата и библиометриските истражувања, односно до примена на квантитативните постапки за *анализа* на својствата на запишаното знаење, но и за *анализа* на размената на информациите општо во комуникацискиот процес. Најзначаен напредок на библиометријата предизвикале три фундаментални закони: Брадфордов, Лоткинов и Зипов.

Брадфордовиот закон за односот на релевантните статии за определена тема според видовите и бројот на списанијата во кои тие се појавуваат е дефиниран во 1948 г.[1] Овој закон бил и си уште е подлога на многу теориски трудови и емпириски истражувања, но и основа за различни интерпретации. Тој предупредува на фактот дека, на пример, 20% од насловите списанија објавуваат околу 80% релевантни статии за определен предмет. Меѓутоа, од вкупниот број статии за некој предмет една третина можеме да најдеме во специјализираните списанија за таа струка, втората третина во сродните списанија, а за третата третина не можеме да пред-

1. S.C. Bradford: Sources of information on specific subjects, *Engineering* 137, 26 Jan. 1934, 85-86, Documentation, 1948.

видиме каде ќе се појави.

А. Лотка ја истражувал продуктивноста на авторите во определена научна област (Лоткинов закон). Тој утврдил дека кога се знае бројот на авторите кои напишале само една статија, може да се предвиди и бројот на авторите кои напишале 2,3,4 итн. статии. Ваквата дистрибуција на продуктивноста на авторите скоро редовно се јавува во природните, но не е еднаква за сите науки.

К.Г. Зип ја истражувал дистрибуцијата на зборовите во текстот (Зипов закон), а притоа, дошол до сознание дека еден мал број зборови се појавуваат многу често. Овој закон во основа е еднаков со моделот на Брадфордовиот закон само што е применет во друго подрачје. Зиповиот закон наоѓа примена во планирањето на јазикот на индексирањето и во планирањето на административните дејности на библиотеките.

**За „Библиотекарска искра“**

По формирањето на Друштвото на библиотекарите на Народна Република Македонија во 1949 г., повеќе пати, е нагласувана потребата од издавање стручно списание што ќе се занимава со разрешување на бројни прашања од областа на библиотечното работење. Ваквата идеја е конкретизирана на Годишното собрание одржано на 12.12.1954 г. каде во точка 4 од донесената *Резолуција,* се вели: „... дека е неопходно Друштвото на библиотекарите на НРМ да има свој печатен орган, за прво време тримесечник, чие излегување да отпочне уште во текот на 1955 година“.

Со именувањето на првиот одговорен уредник Митко Зафировски и првиот Редакциски одбор (Нада Петрова, Рада Митрова, Иванка Крле и Димче Марковски), во почетокот на 1955 г. се појавува првиот број на списанието „Библиотекарска искра“. Редовноста во излегувањето на списанието може да се проследи од податоците прикажани во Табела 1. Она што не може да се види од табелите, а што треба да се напомне е следново:

– Од број 1/1955 г. до двобројот 27-28/1981 г. списанието излегува во $Б_5$ формат, а од број 1-2/1982 г. до бр.1-2/2000 г. во формат $А_4$.

– Со промена на името во 2001 г. од „Библиотекарска искра“ во „Библиотекарство“, списанието пак го менува форматот од $А_4$ во $Б_5$.

– Почнувајќи од бр.19/1977 г. списанието добива меѓународен стандарден број за сериски публикации ISSN 0350-7580.

– Продлабочувањето на непосредните контакти со ИФЛА (Меѓународен сојуз на библиотечни здруженија) и со други меѓународни асоцијации, придонесоа списанието „Библиотекарска искра“ во 1983 г. да биде евидентирано во Меѓународниот адресар на библиотекарски, архивистички и информативни здруженија на УНЕСКО.

– Од содржините на издадените броеви и двете објавени библиографии (во бр.9-10/1966 г. и бр.1-2/1989 г.) на статии во списанието „Библиотекарска искра“, глобално може да се каже дека најредовни, односно најзастапени тематски целини се: библиотекарска теорија и пракса, современо библиотекарство, историја на библиотекарството, библиографии, културно наследство, прикази и рецензии, хроника и документи.



**Библиометриска анализа**

**Табела 1**

| Преглед на излезените броеви од списанието „Библиотекарска искра“ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година на издавање | Волумен | Број | Број на страници | Број на автори | Број на автори-зирани текстови | Број на текстови без автори* | Преведени текстови | Забелешка |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1955 | I | 1 | 55 | 14 | 14 | 8 | - | |
| " | " | 2 | 56 | 11 | 13 | - | - | |
| " | " | 3-4 | 134 | 19 | 18 | 2 | - | |
| 1956 | I I | 5-6 | 95 | 16 | 17 | 1 | 2 | |
| " | " | 7-8 | 98 | 7 | 12 | 2 | - | |
| 1966 | I I I | 9-10 | 136 | 9 | 17 | 2 | 1 | |
| 1968 | IV | 11-12 | 115 | 5 | 5 | 7 | - | |
| 1969 | V | 13 | 78 | 11 | 11 | 5 | - | |
| " | " | 14 | 95 | 14 | 14 | - | - | |
| 1970/71 | VI | 15-16 | 121 | 13 | 13 | 2 | - | |
| 1972/73 | VII | 17-18 | 228 | 19 | 30 | 5 | 3 | |
| 1977 | VIII | 19 | 111 | 19 | 20 | - | - | добива ИССН |
| 1978 | IX | 20 | 170 | 19 | 21 | 2 | - | " |
| " | " | 21 | 187 | 19 | 20 | 1 | 1 | " |
| 1979 | X | 22 | 201 | 14 | 14 | 3 | - | " |
| " | " | 23 | 162 | 15 | 15 | 2 | 1 | " |
| 1980 | XI | 24 | 157 | 17 | 17 | 1 | - | " |
| " | " | 25 | 191 | 13 | 14 | 1 | - | " |
| 1981 | XII | 26 | 188 | 10 | 11 | 2 | - | " |
| " | " | 27-28 | 85 | 8 | 9 | 3 | - | " |
| 1982 | XIII | 1-2 | 95 | 1 | 1 | - | 1 | добива нов формат |
| " | " | 3-4 | 74 | 10 | 9 | 1 | 4 | |
| 1983 | XIV | 1-2 | 85 | 9 | 9 | 1 | 3 | |
| " | " | 3-4 | 138 | 7 | 5 | 3 | 1 | |
| 1989 | XV | 1-2 | 147 | 16 | 15 | 2 | - | |
| 1998 | XVI | 1-2 | 85 | 14 | 15 | 6 | 3 | |
| 1999 | XVII | 1-2 | 151 | 28 | 32 | 1 | 6 | |
| 2000 | XVIII | 1-2 | 181 | 28 | 32 | 4 | 12 | |
| Вкупно: | 18 | 28 | 3619 | 362 | 423 | 67 | 38 | |

* Текстови без автори се: заклучоци, резолуции, извештаи и други текстови од разни собири, спогодби, куси информации, дискусии, соопштенија.

***Објаснување кон Табелата 1***

• Појавувањето на повеќе автори, а помалку текстови значи дека некој текст има повеќе од еден автор.

• Појавувањето на помалку автори, а повеќе текстови значи дека еден автор има повеќе од еден текст.

• Дел од преведените текстови се со автор, а дел без автор (разни видови документи). Преведените текстови со автор се појавуваат во колоните број 6 и 8, односно како авторски и преведени.

***Анализа на Табелата 1***

Од колоната 1 на Табелата 1 се гледа дека во одделни години е прекинат континуитетот во излегувањето на списанието. Нередовноста во излегувањето е евидентна во периодот: 1957-1965, 1967, 1974-1977, 1984-1988 и 1990-1997 година. Ваквата состојба во излегувањето на „Библиотекарска искра“ најчесто се оправдува со недостигот од финансиски средства. Меѓутоа, Редакцискиот одбор во број 9-10/1966 година обраќајќи се кон читателите, покрај финансиските, спомнува и „...други субјективни причини“. Но, многу поконкретно и доста поискрено е обраќањето на Редакцијата кон читателите во број 19/1978 г. каде вели: „Во досегашното излегување списанието „Библиотекарска искра“ беше принудувано неколку пати да го прекине својот редовен тек. Не е потребно да ги бараме ниту да ги истакнуваме причините за тоа. За сите што ја следат библиотекарската дејност кај нас, на некој начин тие се познати. Пред си, тие се наоѓаат во самите нас, библиотечните работници.“

За изминативе 45 години на списанието „Библиотекарска искра“ излегле 28 свески, од кои 16 како двоброј и 12 единечни.

Споредувајќи го вкупниот број страници (колона

4) и вкупниот број свески (колона 3) се доаѓа до податокот дека просечниот број страници по свеска изнесува 129. Од овој просек 50% од свеските се со поголем број, а останатите 50% се со помалку страници. Според бројот на страниците најголем е 17-18 од 1972/73 година со 228, а најмал со 55 страници е првиот број од 1955 година.

Според вкупниот број автори и вкупниот број излезени свески, може да се констатира дека просечниот број на автори по свеска е 13. Во 11 свески (39,3%) има помалку автори од просекот, во 15 свески (53,6%) има поголем број автори од просекот, а во 2 свески (7,1%) бројот на авторите е ист со просечниот број (13). Со најмногу автори (28) се појавуваат 2 свески (бр.1-2/1999 и 1-2/2000 г.), а со најмалку (5) автори (не сметајќи го тематскиот број 1-2/1982 г. што е посветен на еден автор) е двобројот 11-12/1968 година.

Од збирните податоци на колоните 2 и 8 произлегува дека просекот на авторски трудови по свеска е 15. Во 15 свески (53,6%) бројот на авторските трудови е под просекот, во 10 (35,7%) е над просекот, а во 3 (10,7%) свески е еднаков со просекот. Двата двоброја 1-2/1999 и 1-2/2000 година се карактеризираат со најголем број (32) авторски трудови, а со најмалку (5) се двата двоброја 11-12/1968 и 3-4/1983 година; и во овој случај не го сметаме претходно спомнатиот тематски број 1-2/1982 г.

Кога ќе се погледне колоната 7 веднаш се воочува дека во првата свеска од 1955 година се објавени најмногу (8) текстови без автор; во 7 свески има по еден, а во 4 ниту еден.

Во однос на преведените текстови (колона 8) може да се каже дека со најмногу преводи (12) е двобројот 1-2/2000 г., 5 свески се со по 1, а 14 немаат ниту еден превод. Треба да се напомне дека првиот превод се појавува во двобројот 5-6/1956 година.

| Уредување на списанието „Библиотекарска искра“ | | |
|---|---|---|
| Број | Година | Име и презиме на уредникот |
| 1 | 1955 | Митко Зафировски |
| 2 | 1955 | Митко Зафировски |
| 3-4 | 1955 | Митко Зафировски |
| 5-6 | 1956 | Митко Зафировски |
| 7-8 | 1956 | Митко Зафировски |
| 9-10 | 1966 | Милорад Паневски |
| 11-12 | 1968 | Милорад Паневски |
| 13 | 1969 | Рада Митрова |
| 14 | 1969 | Рада Митрова |
| 15-16 | 1970/71 | нема податок |
| 17-18 | 1972/73 | Редакциски одбор |
| 19 | 1977 | д-р Иван Катарџиев |
| 20 | 1978 | д-р Иван Катарџиев |
| 21 | 1978 | д-р Иван Катарџиев |
| 22 | 1979 | Димитар Солев |
| 23 | 1979 | Димитар Солев |
| 24 | 1980 | Димитар Солев |
| 25 | 1980 | Димитар Солев |
| 26 | 1981 | Димитар Солев |
| 27 | 1981 | Димитар Солев |
| 1-2 | 1982 | Димитар Солев |
| 3-4 | 1982 | Димитар Солев |
| 1-2 | 1983 | Димитар Солев |
| 3-4 | 1983 | Димитар Солев |
| 1-2 | 1989 | Трајче Пиков |
| 1-2 | 1998 | м-р Вера Калајлиева |
| 1-2 | 1999 | м-р Вера Калајлиева |
| 1-2 | 2000 | м-р Вера Калајлиева |

**Табела 2**

### *Анализа на Табелата 2*

Од Табелата 2 може да се види дека одговорноста за уредувањето и излегувањето на 28 свески од списанието ја имале 7 уредници и тоа: Митко Зафировски од 1955 до 1956 г. (2 единечни и три двоброја, вкупно 5 свески), Милорад Паневски од 1966 до 1968 г. (2 двоброја), Рада Митрова 1969 г. (2 единечни броеви), Иван Катарџиев од 1977 до 1978 г. (3 единечни броеви), Димитар Солев од 1979 до 1983 г. (6 единечни и 4 двоброја, вкупно 10 свески), Трајче Пиков 1979 г. (1 двоброј) и Вера Калајлиева од 1988 до 2000 г. (3 двоброја). За двобројот 17-18/1972-73 г. одговорноста ја има Редакцискиот одбор (во состав: Андон Андоновски, Петар Петровски, Методија Размовски, Димче Атанасовски и Ристо Шанев), а на двобројот 15-16/1970-1971 г. не е назначена одговорноста за уредувањето. Од претходново може да се заклучи дека Димитар Солев е уредник на најмногу свески (10) од списанието „Библиотекарска искра“.

**Табела 3**

***табелата се наоѓа на стр. 24-28***

### *Анализа на Табелата 3*

Анализирајќи ги колоните 1, 2 и 3 од Табелата 3, може да се заклучи дека од наведените 192 автори, само 178 од нив се појавуваат како автори на самостојни трудови. Од овој број (178) со по еден труд се појавуваат дури 107 (60%) автори; со два 31 (17,4%); со три 15 (8,4%); со четири 7 (3,9%); со пет 4 (2,2%); со шест 4 (2,2%); со седум 4 (2,2%); со десет 3 (1,7%); со дванаесет 1; со осумнаесет 1 и со дваесет и шест трудови 1 автор. Од вкупниот број самостојни авторски трудови прикажани во колоната 2 (400), како најпродуктивен автор со 26 трудови е Андон Андоновски. Покрај него заслужуваат да се спомнат: Петар Петровски (18 трудови), Зорица Петровска (12 трудови), Вера Калајлиева (10 трудови), Ѓорѓи Киселинов (10 трудови) и Михајло Георгиевски (10 трудови).

Од вкупниот број автори на самостојни трудови (178), 101 (56,7%) од нив имаат трудови до 10 страници; 43 (24,15%) имаат од 11 до 20 страници; 9 (5%) имаат од 21 до 30 страници; 11 (6,2%) имаат од 31 до 40 страници; 4 (2,2%) имаат од 41 до 50 страници; 7 (3,9%) имаат од 51 до 100 страници; 1 (0,6%) има од 101 до 150 страници и 2 автори (1,1%) имаат над 150 страници. Најпродуктивен автор според бројот на страници од самостојните трудови е Петар Петровски (168 страници).

Од колоните 5 и 6 е евидентно дека се јавуваат 34 коавтори (од нив 11 се јавуваат само како коавтори) со 38 трудови. Коавтор со најмногу трудови (4) и со најмногу страници (69) е Вера Калајлиева. Еден коавтор е со два труда, а сите останати се со по еден труд.

Вкупниот број на преведувачи е 20 (од нив тројца се јавуваат само како преведувачи), а бројот на преведени трудови е 38. Од овој број (38) со по еден превод се појавуваат 11 преведувачи, со два 3, со четири преводи 4 и еден преведувач со 5 преводи. Најмногу (5) преводи има Емилија Несторова, а по 4 Панде Константиновски, Маргарита Јовановиќ, Светлана Марковиќ и Елена Никодиновска. Но сепак, од сите спомнати, анализирајќи ги податаците од колона 8, треба да се издвои името на Маргарита Јовановиќ со 106 преведени страници што претставува 34,5% од вкупниот број на преведени страници (307).

Кога ќе се систематизираат податоците од колона 9, се доаѓа до заклучок дека 110 (57%) автори се со по 1 труд; 35 (18,2%) со 2; 13 (6,7%) со 3; 12 (6,2) со 4; 6 (3,1%) со 5; 2 (1,04%) со 6; 4 (2,08%) со 7; 1 (0,5%) со 8; 1 (0,5%) со 10; 3 (1,56%) со 11 и по 1 (2,5%) автор со по 12, 13, 16, 19 и 28 трудови. Вака кумулативно како најпродуктивен автор пак се појавува Андон Андоновски со 28 трудови, а по него следуваат Петар Петровски со 19 и Вера Калајлиева со 16 трудови.

Колоната 10 којашто го кумулира вкупниот број страници (авторски, коавторски и преводи) покажува дека: 105 (54,6%) трудови се до 10 страници; 46 (23,9%) се од 11 до 20 страници; 13 (6,7%) се од 21 до 30 страници; 8 (4,1%) се од 31 до 40 страници; 7 (3,6%) се од 41 до 50 страници; 7 (3,6%) се од 51 до 100 страници; 2 (1%) се од 101 до 150 страници и 4 (2%) трудови се со над 150 страници. Автор кој се појавува со најголем број страници (179) е Петар Петровски, а потоа следуваат Маргарита Јовановиќ (177), Вера Калајлиева (173) и Михајло Георгиевски (173).

Разликата во податоците од колоната 4 во Табелата 1 (3619 страници) и колоната 10 во Табелата 3 (3642 страници) произлегува од појавувањето на два или повеќе помали авторски текстови на една страница. Исто така се појавува разлика на податоците во колоната 6 од Табелата 1 (423 авторски текстови) и збирните податоци во колоната 3 (400) и колоната 5 (38) од Табелата 3, бидејќи некои трудови имаат двајца или повеќе автори.

На крајот треба да се каже дека овој текст има двојна цел. Првата е примена на библиометријата како метод со кој квантитативно може да се прикажат збирови библиографски записи. Втората цел е искажување благодарност кон авторите кои со своите трудови го покажале чувството за припадност и почит кон библиотекарската дејност, а со надеж дека нивниот пример ќе биде поттик за ангажирање на помладите во пишувањето трудови кои на сличен или поинаков начин би биле забележани и вреднувани во иднина.

### *Литература*

1 Библиотекарска искра: 1955 - 2000. - Скопје, Друштво на библиотекарите на Македонија

2 Димитрова, Лилјана ; Кирјазовска-Јовановиќ, Ники : Лексикон - библиотекарство, книжевност, издаваштво, печатарство, информациска наука. - Скопје, Матица македонска, 1999.

3 Maričič, Siniљa: Bibliometrija. - Во: Dokumenti. Otvorena informaciska enciklopedija. – Zagreb, 2003.

4 Сенгупта, И.Н.: Библиометрија, информетрија, наукометрија и библиотекометрија : преглед. - Во: Библиотекарски информатор, 1(1994). - Скопје, НУБ „Климент Охридски“.

5 Tuđman, Miroslav: Obavijest i znanje : s rječnikom osnovnih pojmova. – Zagreb, Zavod za informacijske studije, 1990.

Табела 3

Продуктивност на авторите

| Реден број | Име и презиме | Број на самостојни трудови | Број на страници | Број на трудови како коавтор | Број на страници | Број на преводи | Број на страници | Вкупно трудови 3+5+7 | Вкупно страници 4+6+8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 1 | Алтиев Никола | 4 | 20 | | | | | 4 | 20 |
| 2 | Ананиева Данута | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 3 | Андоновски Андон | 26 | 118 | | | 2 | 5 | 28 | 123 |
| 4 | Арсов Јордан | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 5 | Анастасова Вера | 1 | 10 | | | | | 1 | 10 |
| 6 | Анастасова Мирјана | 1 | 6 | | | | | 1 | 6 |
| 7 | Атанасовски Димче | 2 | 12 | | | | | 2 | 12 |
| 8 | Ацевска Катица | 1 | 2 | 1 | 8 | | | 2 | 10 |
| 9 | Баскиќ Радмила | 3 | 8 | 1 | 8 | | | 4 | 16 |
| 10 | Беќаровски Насо | 2 | 11 | | | | | 2 | 11 |
| 11 | Бисероска Василка | 1 | 5 | | | | | 1 | 5 |
| 12 | Богданов Живко | 1 | 3 | | | | | 1 | 3 |
| 13 | Богданович Анита | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 14 | Бошевски Миле | 6 | 38 | 1 | 11 | | | 7 | 49 |
| 15 | Бошковска Надица | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 16 | Бромович Данута | 1 | 6 | | | 1 | 1 | 2 | 7 |
| 17 | Буквиќ Милка | 3 | 14 | | | | | 3 | 14 |
| 18 | Бундовска Наташа | | | 1 | 10 | | | 1 | 10 |
| 19 | Бутулија Горица | 2 | 10 | 1 | 8 | | | 3 | 18 |
| 20 | Б.Ш. | 1 | 6 | | | | | 1 | 6 |
| 21 | Вагнерова Хелена | 1 | 5 | | | | | 1 | 5 |
| 22 | Ваљчи Зофија | 1 | 12 | | | | | 1 | 12 |
| 23 | Варошлија Пиринка | 2 | 27 | | | | | 2 | 27 |
| 24 | Вељановска Милица | 2 | 11 | | | | | 2 | 11 |
| 25 | Веселинска Ружица | 1 | 14 | | | | | 1 | 14 |
| 26 | Враживирска Марија | | | | | 1 | 3 | 1 | 3 |
| 27 | Вчисло Зофија | 1 | 20 | | | | | 1 | 20 |
| 28 | Вчков Дане | 2 | 10 | | | | | 2 | 10 |
| 29 | Ганзовска Валентина | 1 | 2 | | | | | 1 | 2 |
| 30 | Георгиева-Андреевиќ Славка | 1 | 5 | | | | | 1 | 5 |
| 31 | Георгиевски Кузман | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 32 | Георгиевски Михајло | 10 | 151 | 1 | 22 | | | 11 | 173 |
| 33 | Голмиц Ренате | 1 | 8 | | | | | 1 | 8 |
| 34 | Голомеова Снежана | 2 | 7 | | | | | 2 | 7 |
| 35 | Гонев Јосиф | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 36 | Гостл Игор | 1 | 14 | | | | | 1 | 14 |
| 37 | Грлиќ Видосава | 1 | 3 | | | | | 1 | 3 |
| 38 | Грозданова Душка | 1 | 5 | | | | | 1 | 5 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 39 | Гроздановска Маја | | | 1 | 3 | | | 1 | 3 |
| 40 | Дадасовиќ Миодраг | 5 | 43 | | | | | 5 | 43 |
| 41 | Даневска Ленка | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 42 | Дачи Маријета | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 43 | Димитров Васил | 5 | 38 | | | | | 5 | 38 |
| 44 | Димитров Димитри | 1 | 3 | 1 | 6 | 1 | 9 | 3 | 18 |
| 45 | Димитрова Љиљана | 2 | 7 | | | | | 2 | 7 |
| 46 | Димитровски Димитар | 1 | 6 | | | 1 | 11 | 2 | 17 |
| 47 | Димчев Александар | | | 1 | 8 | | | 1 | 8 |
| 48 | Дипчикова Александра | | | 1 | 8 | | | 1 | 8 |
| 49 | Дојчиновска Валентина | | | 1 | 10 | | | 1 | 10 |
| 50 | Дојчиновски Киро | 7 | 40 | | | | | 7 | 40 |
| 51 | Долар Јаро | 1 | 27 | | | | | 1 | 27 |
| 52 | Дрвошанов Васил | 1 | 3 | | | | | 1 | 3 |
| 53 | Дуева Слободанка | 3 | 12 | 1 | 7 | | | 4 | 19 |
| 54 | Ѓузелова-Хаџи Бошкова Лилјана | 6 | 34 | | | | | 6 | 34 |
| 55 | Ежова Павлина | 6 | 25 | | | 1 | 14 | 7 | 39 |
| 56 | Живковиќ Богомила | 1 | 8 | | | | | 1 | 8 |
| 57 | Живковиќ Даниела | 1 | 8 | | | | | 1 | 8 |
| 58 | Зафировски Митко | 3 | 28 | | | | | 3 | 28 |
| 59 | Иванова Цветанка | 1 | 2 | | | | | 1 | 2 |
| 60 | Ивановски Трајко | 1 | 1 | | | | | 1 | 1 |
| 61 | Изотова Марија | 1 | 13 | | | | | 1 | 13 |
| 62 | Илиевски Александар | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 63 | Илиевски Петар | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 64 | Јаневски Ѓорѓи | 1 | 7 | | | | | 1 | 7 |
| 65 | Јаниќиевиќ Глигорие | 1 | 11 | | | | | 1 | 11 |
| 66 | Јанкоска Стана | 5 | 34 | | | | | 5 | 34 |
| 67 | Јовановиќ Маргарита | 7 | 60 | 1 | 11 | 4 | 106 | 12 | 177 |
| 68 | Јовановиќ Ники | 1 | 27 | 1 | 6 | | | 2 | 33 |
| 69 | Јовческа Станислава | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 70 | Јустинијановиќ Никола | 1 | 9 | | | | | 1 | 9 |
| 71 | Каја Ајша | 1 | 2 | | | | | 1 | 2 |
| 72 | Калајлиева Вера | 10 | 88 | 4 | 69 | 2 | 16 | 16 | 173 |
| 73 | Калајлиева Љупка | 1 | 6 | | | | | 1 | 6 |
| 74 | Каракиров Слободан | 1 | 9 | | | | | 1 | 9 |
| 75 | Каранџовски Мичо | 1 | 8 | | | | | 1 | 8 |
| 76 | Караџоски Драги | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 77 | Картов Владо | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 78 | Катарџиев Иван | 4 | 64 | | | | | 4 | 64 |
| 79 | Киселинов Ѓорѓи | 10 | 71 | | | | | 10 | 71 |
| 80 | Катранџиски Благоја | 2 | 8 | | | | | 2 | 8 |
| 81 | Клетников Ефтим | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 82 | Константинов Душко | 1 | 20 | | | | | 1 | 20 |
| 83 | Константиновски Панде | 1 | 12 | 1 | 22 | 4 | 20 | 6 | 54 |
| 84 | Костовска Викторија | 2 | 8 | | | 2 | 6 | 4 | 14 |
| 85 | Кочоски Владимир | 1 | 1 | | | | | 1 | 1 |
| 86 | Крле Иванка | 2 | 5 | | | | | 2 | 5 |
| 87 | Кроневска Султана | 1 | 2 | | | 1 | 15 | 2 | 17 |
| 88 | Лин Морис | 1 | 15 | | | | | 1 | 15 |
| 89 | Магалајнш Родриго | 1 | 8 | | | | | 1 | 8 |
| 90 | Мајор Федерико | 1 | 2 | | | | | 1 | 2 |
| 91 | Мајсторова Емилија | 3 | 15 | | | 5 | 23 | 8 | 38 |
| 92 | Мариќ Јелица | 2 | 10 | | | | | 2 | 10 |
| 93 | Марковиќ Светлана | 6 | 72 | 1 | 8 | 4 | 33 | 11 | 113 |
| 94 | Марковски Ѓорѓи | 1 | 5 | | | | | 1 | 5 |
| 95 | Марковски Крсте | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 96 | Матиќ Милена | 1 | 9 | | | | | 1 | 9 |
| 97 | Матковска Поликсена | 2 | 9 | 1 | 8 | 1 | 4 | 4 | 21 |
| 98 | Матевски Матеја | 2 | 6 | | | | | 2 | 6 |
| 99 | Матковски Александар | 2 | 37 | | | | | 2 | 37 |
| 100 | Милев Милева | 4 | 17 | 1 | 8 | | | 5 | 25 |
| 101 | Миленковиќ Србислав | 1 | 12 | | | | | 1 | 12 |
| 102 | Миноски Михајло | 1 | 6 | | | | | 1 | 6 |
| 103 | Миовска-Кузмановска Руменка | | | 1 | 47 | | | 1 | 47 |
| 104 | Мирчев Димитар | 1 | 3 | | | | | 1 | 3 |
| 105 | Митовска Живка | 1 | 15 | | | | | 1 | 15 |
| 106 | Митревска-Ѓуровска Павлина | 1 | 2 | | | 1 | 7 | 2 | 9 |
| 107 | Митрова Рада | 7 | 45 | | | | | 7 | 45 |
| 108 | Митровска Мирјана | 3 | 9 | | | | | 3 | 9 |
| 109 | Мицов Тодор | 3 | 20 | | | | | 3 | 20 |
| 110 | Мишевска-Тепиќ Љубица | 1 | 5 | | | | | 1 | 5 |
| 111 | Младеновиќ Добривое | 2 | 13 | | | | | 2 | 13 |
| 112 | Мојсова Љубица | 1 | 9 | | | | | 1 | 9 |
| 113 | Момировски Томе | 2 | 12 | | | | | 2 | 12 |
| 114 | Мошин Владимир | 1 | 15 | | | | | 1 | 15 |
| 115 | Наумовска Сенка | | | | | 1 | 8 | 1 | 8 |
| 116 | Нејман Александар | | | | | 1 | 5 | 1 | 5 |
| 117 | Ниванка Емно | 1 | 3 | | | | | 1 | 3 |
| 118 | Никодиновска Елена | 7 | 34 | | | 4 | 19 | 11 | 53 |
| 119 | Николиќ Вера | 1 | 2 | | | | | 1 | 2 |
| 120 | Николовска Спасија | 1 | 8 | 1 | 2 | | | 2 | 10 |
| 121 | Николовски Танас | 5 | 33 | | | | | 5 | 33 |
| 122 | Павлова Елица | 1 | 3 | | | | | 1 | 3 |
| 123 | Панговски Трпко | 3 | 22 | | | | | 3 | 22 |
| 124 | Паневски Милорад | 2 | 16 | | | | | 2 | 16 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 125 | Пејова Здравка | 3 | 31 | 1 | 4 | | | 4 | 35 |
| 126 | Петрова Нада | 4 | 38 | | | | | 4 | 38 |
| 127 | Петровска Верица | | | 1 | 6 | | | 1 | 6 |
| 128 | Петровска Зорица | 12 | 76 | 1 | 8 | | | 13 | 84 |
| 129 | Петровски Добри | 2 | 12 | 1 | 7 | | | 3 | 19 |
| 130 | Петровски Петар | 18 | 168 | 1 | 11 | | | 19 | 179 |
| 131 | Петрушевски Илија | 1 | 7 | | | | | 1 | 7 |
| 132 | Пиндлова Ванда | 1 | 12 | | | | | 1 | 12 |
| 133 | Пирожински Јан | 1 | 6 | | | | | 1 | 6 |
| 134 | Плевнеш Климентина | 3 | 15 | | | | | 3 | 15 |
| 135 | Полс Ниелс Оле | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 136 | Попадиче Киро | 1 | 1 | 1 | 2 | | | 2 | 3 |
| 137 | Поп-Атанасов Ѓорѓи | 2 | 22 | | | | | 2 | 22 |
| 138 | Поплазаров Ристо | 2 | 14 | | | | | 2 | 14 |
| 139 | Поповиќ Бранислава | 1 | 11 | | | | | 1 | 11 |
| 140 | Поповиќ Рацо | 1 | 5 | | | | | 1 | 5 |
| 141 | Поповиќ-Бошковиќ Гордана | 2 | 11 | | | | | 2 | 11 |
| 142 | Поповска Солзица | 1 | 6 | 1 | 4 | 1 | 2 | 3 | 12 |
| 143 | Поповски Анте | 2 | 3 | | | | | 2 | 3 |
| 144 | Поповски Владо | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 145 | Размовски Методија | 3 | 23 | | | | | 3 | 23 |
| 146 | Ренџов Михаил | 2 | 7 | | | | | 2 | 7 |
| 147 | Ристевска Лилјана | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 148 | Ристески Славе | 1 | 6 | | | | | 1 | 6 |
| 149 | Сејменова-Гичевска Марија | 1 | 6 | | | | | 1 | 6 |
| 150 | Серафимова Нева | | | 1 | 3 | | | 1 | 3 |
| 151 | Симов Димитар | 1 | 9 | | | | | 1 | 9 |
| 152 | Скалова Лилјана | | | 1 | 4 | | | 1 | 4 |
| 153 | Скварницка Зофија | 1 | 14 | | | | | 1 | 14 |
| 154 | Солев Димитар | 1 | 3 | | | | | 1 | 3 |
| 155 | Сондерс Вилфрид | 2 | 99 | | | | | 2 | 99 |
| 156 | Спасовска Драгица | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 157 | Сталев Георги | 1 | 6 | | | | | 1 | 6 |
| 158 | Станчин-Рошиќ Дубравка | 1 | 5 | | | | | 1 | 5 |
| 159 | Старделов Георги | 1 | 5 | | | | | 1 | 5 |
| 160 | Стојанова Ленка | 3 | 18 | 2 | 40 | | | 5 | 58 |
| 161 | Стојановиќ Драгослава | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 162 | Стојановски Д. | 1 | 2 | | | | | 1 | 2 |
| 163 | Стојковски Стојко | 3 | 34 | | | | | 3 | 34 |
| 164 | Стојмановска Цвета | | | 1 | 3 | | | 1 | 3 |
| 165 | Стојчева-Цопа Лепосава | 2 | 16 | | | | | 2 | 16 |
| 166 | Суботин Лидија | 1 | 18 | | | | | 1 | 18 |
| 167 | Табо Лудвика | 1 | 5 | | | | | 1 | 5 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 168 | Талаганова Злата | 3 | 10 | 1 | 37 | | | 4 | 47 |
| 169 | Тејлор Питер | 1 | 18 | | | | | 1 | 18 |
| 170 | Талевски Борко | 2 | 8 | | | | | 2 | 8 |
| 171 | Тасевски Александар | 2 | 16 | | | | | 2 | 16 |
| 172 | Тишковска Јанина | 1 | 15 | | | | | 1 | 15 |
| 173 | Тодорова Вера | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 174 | Тотоманова Антоанета | 1 | 3 | | | | | 1 | 3 |
| 175 | Тушевски Ванчо | 1 | 4 | | | | | 1 | 4 |
| 176 | Ќамилов Кирил | 1 | 9 | | | | | 1 | 9 |
| 177 | Ќировиќ Драган | 1 | 7 | | | | | 1 | 7 |
| 178 | Урумов Виктор | 1 | 11 | | | | | 1 | 11 |
| 179 | Фиданоска Јелена | | | 1 | 6 | | | 1 | 6 |
| 180 | Фурлан Бранка | 1 | 12 | | | | | 1 | 12 |
| 181 | Хорват Александра | 2 | 13 | | | | | 2 | 13 |
| 182 | Христовска Василка | 2 | 5 | | | | | 2 | 5 |
| 183 | Хулак Ј. | 1 | 14 | | | | | 1 | 14 |
| 184 | Цавкова Вангелија | 2 | 6 | | | | | 2 | 6 |
| 185 | Цариќ Драган | 1 | 7 | | | | | 1 | 7 |
| 186 | Чанг Циан-Син | 1 | 1 | | | | | 1 | 1 |
| 187 | Чапарев Доне | 1 | 3 | | | | | 1 | 3 |
| 188 | Чекичевска Зорка | 4 | 18 | | | | | 4 | 18 |
| 189 | Џамбазовски Климе | 4 | 41 | | | | | 4 | 41 |
| 190 | Шанев Ристо | 3 | 43 | | | | | 3 | 43 |
| 191 | Шолгињова Ванда | 1 | 14 | | | | | 1 | 14 |
| 192 | Шоптрајанов Ѓеорѓи | 4 | 29 | | | | | 4 | 29 |
| | без автор | | | | | | | 67 | 349 |
| | Вкупно: | 400 | 2910 | 38 | 425 | 38 | 307 | 476 | 3642 |

УДК 02(497.7)(094.77.041)

# ПРЕДЛОГ ТЕКСТОВИ НА ПОДЗАКОНСКИТЕ АКТИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА БИБЛИОТЕКИ

Дипл. прав. Зорка Чекичевска, виш библиотекар
Национална установа Универзитетска
библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

Подготовката на текстовите на подзаконските акти по Законот за библиотеки („Службен весник на РМ“ бр. 66/2004) од страна на Библиотекарското друштво на Македонија е резултат на Проектот „Изработка на подзаконски акти согласно Законот за библиотеки и одржување дебата“ поддржан од Министерството за култура (договор со негов бр. 15-2539/1 од 24.04.2005 год.)

Предмет на Проектот беше подготовка на текстови на четири правилници за чие донесување Законот го овластува министерот за култура. Тоа се:

- Правилник за определување редок библиотечен материјал,

- Правилник за одредување стандарди за видовите библиотеки и условите за работа, сместување и чување на библиотечниот материјал,

- Правилникот за водење евиденција на библиотечниот материјал и на библиотечната документација,

- Правилникот за регистарот на копии на библиотечни добра и за образецот на сертификатот.

Текстовите на актите ги подготвија:

- **Зорка Чекичевска**, виш библиотекар и Претседател на Друштвото како раководител на Проектот (НУУБ „Св. Климент Охридски“ Скопје, Збирка дробен печат) која работеше на правилниците за редок библиотечен материјал, евиденција и копии на библиотечни добра;

- **Миле Бошески**, библиотекар советник (НУУБ „Св. Климент Охридски“ Скопје, Служба за матична дејност и развој) кој работеше на правилникот за стандарди за библиотекте.

Во проектниот тим учествуваа и:

- Мими Ѓоргоска-Илиевска, советник за библиотечни, кинотечни и фонотечни добра (Министерство за култура, Управа за заштита на културното наследство);

- М-р Виолета Мартиноска (НУУБ „Св. Климент Охридски“ Скопје, Археографска збирка);

- Ники Јовановиќ, виш библиотекар (НУУБ „Св. Климент Охридски“ Скопје, Збирка редок и специфичен библиотечен материјал);

- Јелена Петровска, директор на НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола).

На ваквата проектна соработка со Министерството претходеше доставување мислења, сугестии и предлози на Друштвото за содржината и опфатот на тие акти (бр. 2/11.02.2005 год.). Заслужуваат истакнување неколку од нив.

➢ Во однос на Правилникот за определување редок библиотечен материјал (домен на заштита на културното наследство), укажано е на логичната потреба од кумулирање на одредбите од член 2 став 2 од Законот за библиотеки и член 21 став 1 од Законот за заштита на културното наследство „Службен весник на РМ“ бр. 20/2004) како основен за заштитата. Тоа, пак, ја прави евидентна колизијата на овие две одредби и го проблематизира донесувањето на овој акт (не постои потреба од определување редок библиотечен материјал заради таксативното набројување на неговите видови во Законот за заштита на културното наследство).

➢ Во однос на Правилникот за водење евиденција на библиотечниот материјал и на библиотечната документација, посочена е терминолошката и содржинска конкретизација на оваа материја во библиотекарството низ нијансирање на разликите со музејската дејност која е користена како воопштувчка при подготовката на законскиот текст за библиотеките. Укажано е и на потребата од јасна дистинкција на овој вид обработка со таа на библиотечни добра.

➢ Во однос на Правилникот за регистарот на копии на библиотечни добра и за образецот на сертификатот изразено е строго сомневање дека многу тешко или сосема неможно е библиотечно добро да се репродуцира како копија во смисла на музејски предмет. Единствено можни се репроформи (фотокопија, фотографија, микрофилм, ЦД, е-публикација) што не е копија во смисла на Законот. И

конечно, укажано е дека библиотечните добра се „консумираат" првенствено интелектуално, а не визуелно или чувствено како музејски предмет - тие се користат, а не се изложуваат.

И покрај ваквите укажувања, Министерството остана на ставот да бидат подготвени сите акти предвидени во Законот за библиотеки.

Проектот беше реализиран во се согласно предвиденото. Беше организирана и дебата со членството на Друштвото (50 библиотекари) на 22.06.2005 год. како и средби со претставници од Министерството. Текстовите на правилниците (од кои еден во две верзии) со Извештај за реализацијата на проектот се доставени до Министерството со допис на Друштвото бр. 153/26.07.2005 год.

„Библиотекарство" ги објавува во форма во која ги доби Министерството.

## П Р Е Д Л О Г

Врз основа на член 2, став 2 од Законот за библиотеки („Службен весник на РМ" бр. 66/2004), министерот за култура донесува

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ РЕДОК БИБЛИОТЕЧЕН МАТЕРИЈАЛ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат критериуми за определување редок библиотечен материјал кој има својство на библиотечно добро.

Член 2

Според содржинските и формалните белези на публикациите, редок библиотечен материјал се:

- публикациите што се однесуваат на просветната, културната, економската, политичката и др. вид историја на Македонија издадени до крајот на 1946 год., без оглед на авторот, јазикот и местото на издавање;

***Алтернативи:***

- публикациите за Македонија и македонскиот народ издадени до 1946 год., без оглед на авторот, јазикот и местото на издавање;

- публикациите за Македонија издадени до 1946 год., без оглед на *авторот, јазикот и местото на издавање;*

- публикациите издадени на територијата на Македонија до 1918 год.;

- печатените или на кој било друг начин умножени материјали настанати за време на НОВ на македонскиот народ и националностите (брошури, манифести, прогласи, памфлети, летоци и сл.);

- публикациите издадени во други земји согласно утврдениот граничен период на издавање со нивни акти за утврдување редок библиотечен или старопечатен библиотечен материјал (на пр.: Србија до 1847 год., Хрватска до 1860 год., Словенија до 1847 год., БиХ до 1880 год., Бугарија до 1878 год., Турција до 1861 год., Грција до 1863 год., Романија до 1830 год. и другите европски земји до 1800 год.);

- првите изданија на исклучително значајни дела на македонската наука, култура и уметност валоризирани како библиотечни добра;

- првите изданија на делата на класиците на светската книжевност;

- библиофилските изданија со тираж до 100 примероци (и/или нумерирани првите 20 примероци);

- книгите со естетско и техничко обликување од висок квалитет (ex libris, специјална подврска, специфичен формат, оригинални илустрации);

- ракописите од современи автори, машинопис со ракописни интервенции на авторот;

- книгите со ракописни забелешки и посвети од самиот автор, автографи.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**П Р Е Д Л О Г (АЛТЕРНАТИВА)**

Врз основа на член 2, став 2 од Законот за библиотеки („Службен весник на РМ“ бр. 66/2004), министерот за култура донесува

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ РЕДОК БИБЛИОТЕЧЕН МАТЕРИЈАЛ

Член 1

Со овој Правилник се определува реткиот библиотечен материјал кој има својство на библиотечно добро и се утврдуваат основите за негова обработка, чување и заштита и користење.

Одредбите за обработка, чување и заштита и користење се применуваат на сите видови библиотечни добра.

## I. КРИТЕРИУМИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ РЕДОК БИБЛИОТЕЧЕН МАТЕРИЈАЛ

Член 2

Според содржинските и формалните белези на публикациите, редок библиотечен материјал се:

- публикациите што се однесуваат на просветната, културната, економската, политичката и др. вид историја на Македонија издадени до крајот на 1946 год., без оглед на авторот, јазикот и местото на издавање;

***Алтернативи:***

- публикациите за Македонија и македонскиот народ издадени до 1946 год., без оглед на авторот, јазикот и местото на издавање;

- публикациите за Македонија издадени до 1946 год., без оглед на *авторот, јазикот и местото на издавање;*

- публикациите издадени на територијата на Македонија до 1918 год.;

- печатените или на кој било друг начин умножени материјали настанати за време на НОВ на македонскиот народ и националностите (брошури, манифести, прогласи, памфлети, летоци и сл.);

- публикациите издадени во други земји согласно утврдениот граничен период на издавање со нивни акти за утврдување редок библиотечен или старопечатен библиотечен материјал (на пр.: Србија до 1847 год., Хрватска до 1860 год., Словенија до 1847 год., БиХ до 1880 год., Бугарија до 1878 год., Турција до 1861 год., Грција до 1863 год., Романија до 1830 год. и другите европски земји до 1800 год.);

- првите изданија на исклучително значајни дела на македонската наука, култура и уметност валоризирани како библиотечни добра;

- првите изданија на делата на класиците на светската книжевност;

- библиофилските изданија со тираж до 100 примероци (и/или нумерирани првите 20 примероци);

- книгите со естетско и техничко обликување од висок квалитет (ex libris, специјална подврска, специфичен формат, оригинални илустрации);

- ракописите од современи автори, машинопис со ракописни интервенции на авторот;

- книгите со ракописни забелешки и посвети од самиот автор, автографи.

## II. ОБРАБОТКА

Член 3

Книжниот фонд утврден како редок библиотечен материјал се организира и обработува во збирки што резултира со посебни инвентарни книги и каталози.

Вака пропишаната обработка не го исклучува учеството на реткиот библиотечен материјал во библиотечната обработката на општиот книжен фонд или на негови помали целини/делови.

Член 4

Реткиот библиотечен материјал односно библиотечните добра, се обработуваат палеографски согласно меѓународни правила, формално според меѓународните стардарди за библиографски опис на

старини (ISBD/A), книги (ISBD/M), сериски публикации (ISBD/S), некнижен материјал (ISBD/NBM), печатен нотен материјал (ISBD/PM), електронски публикации (ISBD/ER) и содржински според соодветни меѓународни и национални стандарди.

III. ЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА

Член 5

Чувањето и заштитата на реткиот библиотечен материјал се организира како посебен режим на превентивна заштита на ниво на збирка различен од тој за општиот фонд, а согласно меѓународни стандарди и препораки.

Чувањето и заштитата се организира и на ниво на поединечно утврден режим на заштита за секое библиотечно добро посебно согласно актите за заштита на културните добра.

Член 6

Библиотеките имаат должност да го заштитуваат и чуваат реткиот библиотечен материјал од поплави, пожари, кражби, елементарни непогоди и воени разорувања низ преземање мерки на безбедност и соодветно одржување и опремување на зградата и просторијата(ите) со цел за исклучување такви ризици.

Член 7

Библиотеките имаат должност да обезбедат услови за чување на реткиот библиотечен материјал од природно стареење, влага, прекумерна сончева или вештачка светлина, биолошки или атмосферски влијанија, нехигиена, отстапувања од оптималната температура.

Согласно условите од претходниот став, библиотеките можат да го пренесуваат или изложуваат реткиот библиотечен материјал во земјата или странство.

Член 8

Збирката(ите) редок библиотечен материјал се чува/ат во посебен/и магацин/и, во издвоени делови од општиот магацин или во соодветната читална.

Опремата за чување се состои од метални каси и ормани како и картонски папки или кутии соодветни на видот и димензиите на реткиот библиотечен материјал.

Член 9

Во функција на заштита и користење, а по препорака на конзерватор за хартија, реткиот библиотечен материјал само еднаш се пренесува на технолошки постабилен медиум (фотокопирање, микрофилмирање, дигитализација) во два примероци (работен и безбедносен).

Работниот и безбедносниот примерок како и копиите на библиотечни добра имаат идентичен режим на чување и заштита како и реткиот библиотечен материјал во изворна форма.

IV. КОРИСТЕЊЕ

Член 10

Реткиот библиотечен материјал не се дава на користење во изворната (оригиналната) форма ниту може да биде предмет на меѓубиблиотечно позајмување.

По исклучок, реткиот библиотечен материјал може да се користи во изворната форма само во научни или истражувачки цели или во случаи кога е тоа битно за реализирање на значајни научни, културолошки, историски или образовни студии, изданија, емисии или филмови по писмено барање на корисникот во кое се наведени целите на користењето

За користење на реткиот библиотечен материјал од претходниот став одлучува директорот на библиотеката по задолжително мислење на библиотекар од односната збирка и конзерватор за хартија од Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ Скопје.

Член 11

Реткиот библиотечен материјал во изворна форма, како копија или копиран на друг медиум се користи во специјални читални или посебна просторија на библиотеката во присуство на вработен на библиотеката.

Член 12

Работниот примерок на реткиот библиотечен материјал пренесен на друг медиум може да биде фотокопиран, микрофилмиран или скениран за потребите на корисниците.

Член 13

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 8 став 4 од Законот за библиотеки („Службен весник на РМ" бр.66/2004), министерот за култура донесува

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ОДРЕДУВАЊЕ СТАНДАРДИ ЗА ВИДОВИТЕ БИБЛИОТЕКИ И УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА, СМЕСТУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ

### БИБЛИОТЕЧЕН МАТЕРИЈАЛ

Член 1

Со овој правилник се одредуваат стандардите за видовите библиотеки, условите за нивна работа, сместување и чување библиотечен материјал.

Член 2

Според намената и содржината на библиотечниот фонд, библиотеките можат да бидат: јавни, универзитетски (високошколски), специјализирани и училишни.

**Јавни библиотеки**

Член 3

Јавните библиотеки се наменати за задоволување на културно-образовните и други информативни потреби на поширокаta јавност, придонесуваат за унапредување на стручната и научно-истражувачка работа и за развојот на образованието, културата, науката и другите дејности.

Јавните библиотеки може да бидат од национален или локален карактер.

Член 4

Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје е јавна библиотека со функции на матична библиотека на Република Македонија и намена, структура и содржина на библиотечниот фонд на општонаучна библиотека.

Општонаучна библиотека е и Библиотеката при Македонската академија на науките и уметностите.

Член 5

Јавните библиотеки овозможуваат достап до своите фондови на сите граѓани без оглед на нивната национална, политичка, образовна, верска и полова припадност, а преку учеството во националниот библиотечно-информациски систем и до други извори на информаци во земјата и странство.

Основната намена на јавните библиотеки ја одредува структурата на нивните библиотечни фондови

За своите корисници, јавните библиотеки овозможуваат пристап до интернет.

Член 6

Јавните библиотеки во своето работење ги применуваат меѓународните стандарди за библиотечно работење, прифатени од Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“-Скопје како матичната библиотека на Република Македонија.

Член 7

Во националниот библиотечно-информациски систем дејствуваат следните видови јавни библиотеки (појавни форми на јавни библиотеки):

а/ самостојна библиотека (општинска, градска),

б/ библиотека во состав на друга институција, (центар/дом на култура),

в/ детска библиотека (самостојна или во состав на јавна библиотека),

г/ подвижна библиотека (во состав на јавна библиотека),

д/ виртуелна библиотека,(самостојна или во состав на јавна библиотека),

ѓ/ јавна библиотека за граѓани со посебни потреби

е/ читалиште

ж/ хибридна и други форми на јавна библиотека.

Универзитетски библиотеки (високошколски библиотеки )

Член 8

Универзитетските (високошколски) библиотеки дејствуваат во рамките на високо-образовните институции: факултети, високи и виши школи. Тие се вклучени во непосредната реализација на основните функции на институцијата што ги формира, а пред се задоволување на образовните, информативните и научно-истражувачките потреби на студентите и наставниот кадар.

Член 9

Универзитетските (високошколски) библиотеки комплетираат библиотечен фонд со купување, размена и дар во согласност со наставно-научните програми на образовната институција.

За формална обработка на библиотечниот фонд (каталогизација) ги применуваат меѓународните стандарди ИСБД, а за содржинската обработка (систематизација и предметизација) ги применуваат Универзалната децимална класификација (УДК) и Правилата за предметен опис на Националната и универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“-Скопје.

Овие библиотеки организираат азбучен/абецеден, УДК и предметен каталог.

Библиотечниот фонд е на отворен достап и се подредува според УДК.

Член 10

Универзитетските (високошколски) библиотеки треба да располагаат со:

а/ библиотечен простор од минимум 100 м².

б/ библиотечна опрема: минимум 35 маси со столови, работно биро,

каталожен орман, полици за сместување на библиотечниот фонд, витрини.

в/ техничка опрема: персонални компјутери, интернет достап, апарат за копирање, ДВД и ЦД плеери, ТВ.

Член 11

Универзитетските(високошколски)библиотекимож ат да бидат достапни и на пошироката јавност под услови пропишани во актите за работа и користење нанивниот библиотеченфонднабиблиотеката донесени од соодветната високообразовна институција.

Универзитетските (високошколски) библиотеки се активни учесници во националниот библиотечно-информациски систем.

За своите корисници овие библиотеки обезбедуваат достап до интернет.

Член 12

Специфичностите кои произлегуваат од местото, улогата и намената на универзитетските (високошколски) библиотеки во образовниот систем,

различни од тие на јавните (особено во доменот на користењето на фондот) се регулираат со посебен правилник на образовната институција чиј составен дел се овие библиотеки.

**Специјализирани библиотеки**

Член 13

Специјализираните библиотеки се наменети и се во функција на развојот и унапредувањето на стручната и научно-истражувачката работа во одделни подрачја на општественото живеење (институти, научно-истражувачки центри, заводи, специјални установи, државни органи и институции, политички организации, музеи, фабрики и др.) .

Член 14

Специјализираните библиотеки комплетираат специјализиран библиотечен фонд соодветен на стручната и научно-истражувачката работа на институциите во чии рамки дејствуваат.

Библиотечниот фонд го комплетираат по пат на купување, размена и дар.

За формална обработка на библиотечните единици (каталогизација) ги применуваат меѓународните стандарди ИСБД, а за содржинската обработка (систематизација и предметизација) ги применуваат Универзалната децимална класификација (УДК) и Правилата за предметен опис на Националната и универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“-Скопје.

Овие библиотеки организираат: азбучен/абецеден, УДК и предметен каталог.

Библиотечниот фонд е на отворен достап и се подредува според УДК.

Член 15

Специјализираните библиотеки треба да располагаат со:

а/ библиотечен простор од минимум 100м².

б/ библиотечна опрема: минимум 20 маси со столови, работно биро, каталожен орман, полици за сместување на библиотечниот фонд, витрини.

в/ техничка опрема: персонални компјутери, интернет достап, апарат за копирање, ДВД и ЦД плеери.

Член 16

Специјализиранитебиблиотекиможатдабидатдостапни и за пошироката јавност под услови пропишани во актите за работа и користење на нивниот библиотечен фонд донесени од соодветната институција каде тие дејствуваат.

Специјализираните библиотеки се активни учесници во националниот библиотечно-информациски систем.

За своите корисници овие библиотеки обезбедуваат пристап до интернет.

**Училишни библиотеки**

Член 17

Училишните библиотеки се наменети за задоволување на образовните, воспитните и информациските потреби на учениците и наставниот кадар.

Училишни библиотеки формираат училиштата од основното и средното образование.

Член 18

Училишните библиотеки се од затворен тип, а нивни корисници се учениците и наставниот кадар од соодветното училиште.

Библиотечниот фонд е во функција на реализација на наставните планови и програми на училиштето.

Член 19

Библиотечниот фонд се комплетира по пат на купување, размена и дар.

За формална обработка на библиотечните единици (каталогизација), училишните библиотеки ги применуваат меѓународните стандарди ИСБД, а за содржинска обработка (систематизација и предметизација) – Универзалната децимална класификација (УДК) и Правилата за предметен опис на Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“-Скопје.

Овие библиотеки организираат: азбучен/абецеден, УДК и предметен каталог.

Библиотечниот фонд е на отворен достап и се подредува според УДК.

Член 20

Училишните библиотеки треба да располагаат со:

а/ библиотечен простор од минимум 100м².

б/ библиотечна опрема: минимум 35 маси со столови, работно биро, каталожен орман, полици за сместување на библиотечниот фонд, витрини.

в/ техничка опрема: персонални компјутери, интернет достап, апарат за копирање, ДВД и ЦД плеери.

Член 21

Училишнитебиблиотекисеактивниучесницивонационалниот библиотечно-информациски систем.

За своите корисници овие библиотеки обезбедуваат пристап до интернет.

**Минимум стандарди за јавните библиотеки**

Член 22

За задоволување на културно-образовните и други информативни потреби на пошироката јавност и на граѓаните од градските, приградските и селските населби, јавната библиотека формира: читалишта, стационирани клонови и подвижни библиотечни фондови-библиобуси.

Член 23

Јавната библиотека своите функции и задачи ги реализира преку оддели и служби за: комплетирање на библиотечен материјал (библиотечен фонд за возрасни и за деца); обработка на библиотечен материјал; библиографско-информативен оддел; роднокраен оддел, детски оддел, збирки и посебни фондови; популаризација и користење на библиотечните фондови, игротека.

Член 24

За основање јавна библиотека треба да се исполнети следниве услови:

соодветен библиотечен простор и опрема, библиотечен материјал, стручно оспособен кадар, траен извор на финансирање

Член 25

***Библиотечен простор и опрема***

Библиотечниот простор во јавните библиотеки треба да е сообразен со бројот на жителите, функциите и задачите што треба да ги остварува библиотеката, големината на библиотечниот фонд, потребите на развој.

Член 26

Јавната самостојна библиотека треба да располага со наменски изграден/ адаптиран библиотечен простор од минимум 500 м² во населени места до 10.000 жители. Во населени места над 10.000 жители се применува табелата од член 27 на овој Правилник.

Член 27

При изградба на наменски објект за самостојна јавна библиотека или при доградба/адаптација на постојни објекти, треба да се применува следниов стандард на 1.000 жители:

| Број на жители | м² на 1.000 жители |
|---|---|
| 10.000 - 20.000 | 42 |
| 20.001 - 35.000 | 39 |
| 35.001 - 65.000 | 35 |
| 65.001 – 100.000 | 31 |
| над 100.000 | 28 |

Член 28

Вкупната корисна површина на самостојната јавна библиотека треба да ги опфати следниве содржини: влез и гардероба, простор за изложби и други

културни манифестации, простор за информативна служба, простор за библиотечни каталози, простор за дневен печат, оддел за возрасни, оддел за деца, оддел за деца од претшколска возраст -игротека, простор за посебни фондови (роднокраен оддел, подвижен фонд, референтна збирка, фонотека, и сл), магацински простор, прием, техничка и стручна обработка на библиотечен материјал, работен простор за стручни служби, администрација.

Во вкупната корисна површина не влегува просторот наменет за сали за предавања и состаноци, гаражи, котларници, остави и други помошни простории.

Член 29

Јавните библиотеки во рамките на организационата единица или оддел -*игротека,* применуваат соодветни едукативни форми и методи за реализација на содржини преку кои, кај најмладата популација (деца од предшколска возраст од 4-7 г.) го поттикнуваат и поддржуваат развојот на чувството за колективност, одговорност, љубов кон книгата, библиотеката.

Игротеката треба да располага со минимум простор од 50 м² корисна површина.

Член 30

Стациониран клон на јавната библиотека во селски, приграски и градски населби треба да располага со минимум 100 м² корисна површина.

Член 31

Читалиштето како дисперзирана единица на јавната библиотека треба да располага со корисна површина од 50 м².

Член 32

При планирање и изградба на нов објект за самостојна јавна библиотека, треба да се планира простор кој ќе ги задоволува актуелните и идни потреби на библиотеката и населеното место за наредните 50 години.

Член 33

Јавната библиотека во состав на друга институција, треба да располага со наменски изграден/адаптиран библиотечен простор од минимум 500 м² .

При изградба на објект за повеќе културни институции, за јавната библиотека треба да се предвиди простор од минимум 500 м² корисна површина и посебен влез за библиотеката.

Член 34

Библиотечната опрема во јавните библиотеки ја сочинуваат библиотечен мебел и техничка опрема.

Член 35

Библиотечниот мебел се состои од: полици за сместување библиотечен материјал (книги, весници, списанија и др.), маси и столови за корисници, картотеки за библиотечни каталози, витрини и паноа за изложби, колички, работни маси и столови за вработените.

Библиотечниот мебел треба да биде функционален, лесен за одржување хигиена, со пријатни бои и форми.

Член 36

За игротеката се предвидува неконвенционален мебел: перници, табуретки, сандаци за играчки, витрини, полици со пријатни бои и заоблени форми.

Член 37

Библиотечниот мебел се изработува од метал, дрво и пластика или од комбинација на метал, дрво и пластика, со следниве димензии:

Полици:

ширина…………..25-30 см ( за книги)

40-45см.( за периодика)

должина ……….. 100 см. за книги и периодика

висина …………. 210 см.

Овие димензии се предвидуваат за јавни, универзитетски (високошколски) и специјализирани библиотеки.

За детските и училишните библиотеки важат истите димензии освен за висината на полиците која треба да изнесува 120-160 см.

*Маси:* висина................. 75 см ( за возрасни)

65-70 см ( за деца)

површина............... 90 x 60 см (за возрасни)

80 x 55 см (за деца)

*Столови:* висина ..................45 см (за возрасни)

35-40 см (за деца)

Член 38

*Картотека за библиотечни каталози* е со димензии:

висина ....................... 120-150 см

должина на фиока....... 40-45 см

ширина на фиока ....... 13 см

висина на фиока ......... 9,5 см

Мерките за фиоките се внатрешни.

Картотеката се поставува на метални ногари на растојание од 75 см на најдолната фиока од подната површина.

Член 39

*Техничка опрема*

Јавната библиотека треба да ја поседува следнава минимум техничка опрема: телефон, телефакс, машина за пишување (кирилица и латиница), 2 персонални компјутери од кои еден за корисниците, принтер, ТВ и видео опрема, ЦД и ДВД плеер, фотокопир, графоскоп, и др.

Член 40

***Библиотечен натеријал***

Библиотечниот фонд на јавната библиотека треба да е актуелен и да ги опфаќа сите области на човековото знаење со оглед на нивната намена и профил на корисниаици.

Член 41

Јавната библиотека го комплетира библиотечниот фонд по пат на: задолжителен примерок, купување, размена и дар.

Член 42

Почетниот фонд на јавната библиотека треба да изнесува 5.000 книги (библиотечни единици).

Во натамошната работа, јавната библиотека треба да се стреми да го постигне следниов минимум на книга по жител:

| *број на жители* | *книга по жител* |
|---|---|
| до 5.000 | 1 |
| 10.000 | 2,5 |
| 30.000 | 2 |
| 50.000 | 2 |
| 100.000 | 1,5 |
| над 100.000 | 1,5 |

Член 43

Годишниот прираст на книжниот фонд треба да се планира врз основа на бројот на актуелните и потенцијалните корисници на библиотеката.

Годишниот прираст треба да изнесува минимум 5% од постојниот книжен фонд. Реалниот пораст треба да е минимум 3% заради годишното отпишување на име амортизација од приближно 2% од вкупниот книжен фонд.

Член 44

Појдовни параметри за водење функционална набавна политика на јавната библиотека се: потребите на актуелните и потенцијални корисници сондирани по пат на истражување; структурата на населението; бројот и видот на корисниците; степенот на

индустрискиот и материјален развој на населеното место,; бројот на стручни, научни, образовни и културни институции во населеното мести и др.

Содржинската структура на книжниот фонд би требало да се состои од:

| | |
|---|---|
| уметничка литература | 50% |
| стручно-научна | 35% |
| референтна(речници, енцикло. лекс.) | 3% |
| детска литература | 12% |

Член 45

Библиотечниот фонд од сериски публикации на јавната библиотека, треба да го исполнува следниов минимум по глава на жител:

| *Број на жители* | *наслови сериски публикации* |
|---|---|
| до 5.000 | 5 (спис. и весници) |
| 10.000 | 10 |
| 30.000 | 15 |
| 50.000 | 25 |
| 100.000 | 50 |
| над 100.000 | минимум 70 |

Член 46

***Стручна обработка на библиотечен материјал***

Јавните библиотеки се должни да ги применуваат меѓународните стандарди за формална обработка ИСБД, а за содржинска обработка (систематизација и предметизација) – Универзалната децимална класификација (УДК) и Правилата за предметен опис на Националната и универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски"-Скопје.

Член 47

Јавните библиотеки ги формираат и одржуваат следниве *библиотечни каталози: азбучен, стручен според УДК, предметен и топографски.*

За детскиот книжен фонд се формираат следниве каталози: *азбучен авторски* и *азбучен споредстварниот наслов на книгата.*

Јавните библиотеки, по потреба, може да формираат и други каталози.

Во услови на автоматизирана обработка, се постапува согласно нејзината програмска поддршка, при што, како каталог во картончиња се одржува топографскиот.

Член 48

Библиотечниот материјал на слободен достап на корисниците се сигнира согласно Универзалната децимална класификација -УДК.

Доколку библиотечниот материјал не е на слободен, се сигнира и средува на полиците по принципот „нумерус куренс''.

Член 49

За стручното организирање и работење на детските и подвижните библиотеки треба да се применуваат соодветните стандарди за тој вид библиотеки утврдени согласно закон.

Член 50

Роднокрајната дејност се организира и води по соодветен стандард утврден согласно закон.

Член 51

*Користење на библиотечен материјал*

Јавната библиотека нуди услуги под исти услови на сите граѓани без оглед на нивната професионална, политичка, етничка, верска и полова припадност.

Член 52

Јавната библиотека е должна да донесе Правилник за користење на услугите на библиотеката со чии одредби треба да биде запознаен секој корисник на библиотеката.

Член 53

Доколку библиотеката не поседува одредена библиотечна единица, должна е на корисникот да му ја

обезбеди по пат на меѓубиблиотечно зајмување.

Член 54

Книжниот фонд на библиотеката е ефикасно користен доколку е позајмен на користење најмалку 2 пати во текот на една година.

Член 55

Бројот на корисници зачленети во јавната библиотека треба да изнесува најмалку 10% од вкупниот број граѓани од соодветното населено место.

Член 56

Работното време на јавната библиотека треба да биде сообразено со бројот на активните и потенцијални корисници:

| | треба да биде отворена |
|---|---|
| до 1.500 корисници | 30 часа неделно |
| од 1.500 до 3000 корисници | 40 часа неделно |
| над 3.000 корисници | најмалку 70 часа неделно. |

Член 57

За корисниците и користењето на библиотечниот фонд, како и за останатите библиотечни дејности, јавната библиотека треба да води евиденција и статистика по методологија и обрасци прифатени од Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски'' Скопје како матична и Државниот завод за статистика.

Член 58

*Библиотечен кадар*

Бројот на стручните работници во јавната библиотека треба да е сообразен со статусот на јавната библиотека (самостојна или во состав), бројот на жители, големината на библиотечниот фонд, развиеноста на дејностите и организационите единици, стационираните читалишта, клонови и подвижна служба, бројот на корисниците, должината на работното време, специфичните потреби на образовно-научните, културните и стопанските субјекти на територијата и сл.

Член 59

Јавната библиотека со почетен книжен фонд од 5.000 библиотечни единици, може да отпочне со работа ако има вработено минимум 2 лица, од кои 1 со високо (библиотекар) и 1 со средно образование (библиотекар-помошник).

Член 60

Бројот на вработени во јавната библиотека со високо образование во однос на лица со средно образование треба да биде 2:1.

Член 61

*Финансирање на јавните библиотеки*

Финансиските средства за остварување дејноста (редовна и проширена) на јавната библиотека ги обезбедува основачот.

Во рамките на програмските потреби на јавните библиотеки треба да се обезбедат финансиски средства за: набавка на библиотечен материјал, редовна дејност, популаризација афомација на библиотечно-информациската дејност, материјални трошоци, инвестиционо одржување и др.

Член 62

*Читалиште*

Читалиштето претставува основна форма на дејствување на јавната библиотека.

Вршењето дејности на читалиште се одвива согласно одредбите од стандардите за јавни библиотеки.

Член 63

За формирање читалиште треба да се исполнети следниве услови: функционален простор од минимум 50 м², библиотечен фонд од 1.000 библиотечни единици (белетристика и референтна литература), задолжително присуството на дневен печат, две лица со најмалку средно образование, работно време во две смени.

Читалиштето треба да располага со минимум библиотечна опрема: работно биро, полици за библиотечниот фонд, маси и столови за корисниците, телефон, персонален компјутер со принтер, Интернет достап и врска со централната и локалната база на јавната библиотека, ТВ.

Член 64

*Клон на јавната библиотека*

Во населени места со над 1.500 жители, јавната библиотека може да отвори стациониран клон.

Библиотечниот клон во својата работа ги применува стандардите за јавните библиотеки.

Член 65

Почетниот книжен фонд за формирање стациониран клон на јавната библиотека треба да изнесува 3.000 библиотечни единици, 3 наслови весници и 5 наслови списанија.

Книжниот фонд треба да биде поделен на книжен фонд за возрасни и книжен фонд за деца.

Член 66

Бројот на вработени во клонот на јавната библиотека изнесува минимум 2 стручно оспособени лица (едно со ВСП и едно со ССП).

Член 67

Клонот на јавната библиотека треба да располага со минимум корисна површина од 100 $м^2$, и библиотечна опрема: маси и столови за корисниците, полици за библиотечниот фонд, работно биро, каталожен орман, телефон, персонален компјутер со принтер, Интернет достап и достап до локалната и централната библиографска база, ТВ.

Член 68

*Детска библиотека/оддел*

Детските библиотеки може да дејствуваат како самостојни институции, а најчесто, како оддели во рамките на јавните библиотеки.

Тие се наменети за деца до 14 годишна возраст.

Основна функција на овие библиотеки/оддели е систематско развивање на навиките за читање кај најмладата популација.

Овие библиотеки во своето работење, во најголем дел, ги применуваат одредбите од стандардите за јавни библиотеки.

Член 69

Детскиот библиотечен фонд треба да е сместен на слободен достап на корисниците.

Средувањето на полиците треба да биде според предметна одредница или УДК системот. Лектирните изданија се средуваат според одделението за кое се однесуваат.

За библиотечниот фонд се формираат каталозите: абучен (авторски), азбучен според стварниот наслов на публикацијата и основен (топографски).

Член 70

*Подвижна служба-библиобус*

Библиотечно-информациските потреби на населението во населени места до 1500 жители, јавната библиотека ги задоволува со подвижна служба-библиобус.

Подбижната служба може да го користи општиот фонд на јавната библиотека или да формира и одржува посебен книжен фонд.

За реализацијата на своите задачи, подвижните служби, во најголем дел, ги користат стандардите за јавни библиотеки.

Член 71

***Сместување и чување библиотечен материјал***

Библиотечниот материјал треба да се сместува и чува во простор (наменски или адаптиран) кој ги исполнува општите законски параметри пропишани за јавни објекти (заштита од пожар, достапност и напуштање на објектот во вонредни околности и др.).

Член 72

Библиотечниот простор за сместување и чување библиотечен материјал треба да овозможува негова физичка, хемиска, биолошка и друг вид заштита, да е изолиран од директна сончева светлина, влага, глодари и други видови штетници, да нема присуство на отворени грејни тела, а затворените грејни тела треба да бидат на соодветна оддалеченост од библиотечниот материјал.

Електричната инсталација треба да биде прописно изведена, а водоводната и канализациона инсталација не треба да поминува низ просторот каде се чува библиотечен материјал.

Член 73

Во библиотечниот простор не треба да се користат извори на светлина кои може штетно да влијаат на библиотечниот материјал (светлосни извори со хемиско, фотохемиско и биолошко дејство).

Се препорачува користење на флуоресцентни светилки со заштита кои не се загреваат повеќе од 80ºС. Изворот на светлина треба да е на прописна оддалеченост од библиотечниот материјал, а најмалку 30 см.

Библиотечниот простор наменет за користење библиотечен материјал треба да има доволна дневна светлина, соодветно вештачко осветлување и да има добра звучна изолација.

Член 74

Секоја библиотека треба да располага со соодветна библиотечна опрема. Минимумот библиотечна опрема ја сочинуваат: Регали за сместување на библиотечен материјал, маси и столици, каталожен орман, работни бироа.

Член 75

Библиотечната опрема треба да е направена од лесен, едновиден или материјал во комбинација; да е функционална и сообразена со возраста на корисниците, со едноставни облици и лесна за одржување хигиена.

1. Регалите за сместување на библиотечен материјал најчесто се изработени од дрво (ако библиотечните фондови се на слободен достап), метал или од комбинација дрво-метал. Висината на регалите треба да биде максимум 210 см. за возрасни корисници и 120-160 см. за деца и младинци (детски и училишни библиотеки). Ширината на полиците треба да изнесува 25-30 см. за монографски публикации. Растојанието меѓу полиците треба да изнесува 30 см. за монографски публикации и 40-45 см. за весници. Долната и горната полица од регалот треба да биде на растојание од 20 см. од подот односно таванот за да се обезбеди лесна манипулација и соодветна циркулација на воздухот.

2. Каталожниот орман е наменет за сместување на каталожните картончиња.Тој е изработен од дрво, метал или комбинација од дрво и метал.

Висината на каталожниот орман изнесува од 1120-150 см. Најдолната фиока е на висина од 75 см. од подната површина. Должината на фиоките изнесува 40-45 см. и во неа може да се сместат до 1.000 каталожни картончиња.

Внатрешните димензии на фиоката треба да изнесуваат 13 см. ширина и 9 см. висина, односно да одговара на стандардната големина на каталожниот картон која изнесува 12,5 x 7,5 см.

3. Витрините и изложбените паноа треба да се изработени од материјали кои не кородираат. Нивната конструкција треба да овозможува циркулација на воздух.

Член 76

Сместување на библиотечниот материјал

1.Монографскитепубликации,списанијатаивесниците се редат на полиците во вертикална положба.

2. Географските карти, плакати, цртежи, планови, проекти и друг библиотечен материјал со димензии поголеми од 50 x 50 см. се чуваат во хоризонтална положба во метални ормани со фиоки за извлекување.

3. Географските карти, плакати и друг библиотечен материјал со димензии над 100 x 100 см. се намотуваат на картонски цилиндер со пречник од 10 см. Должината на цилиндерот треба да е поголема од карата или другиот библиотечен материјал што се намотува. Овој вид материјал со посочените димензии може да се сместува и на специјални носачи во вертикална положба.

4. Архивските документи, повелби, дипломи, фото материјали на хартија и сл. се чуваат во картонски

кутии.

5. Грамофонските плочи, дискови и дискети, видео и аудио ленти се сместуваат во нивниот оригинален омот во регали од дрво или пластика со прегради. Грамофонските плочи се сместуваат во посебни прегради во вертикална положба. Магнертофонските ленти се сместуваат во оригиналниот омот во хоризонтална положба. Библиотечниот материјал од точка 5 не треба да се сместува во близина на апарати што создаваат магнетно поле.

6. Микрофилмски ленти се намотуваат во ролна и се сместуваат во пластични или метални кутии добро затворени. Микрофилмот подолг од 15 метри се намотува на калем со пречник не помал од 25 мм. Калемите треба да се изработени од материјал што не оксидира или од стабилни пластични маси.

7. Реткиот библиотечен материјал како и друг библиотечен материјал што има посебен статус согласно позитивната законска регулатива се чува во метални ормани поради трајно зачувување и дополнителна заштита од пожар, поплава, и сл.

Член 77

Оптимални услови за правилна заштита на библиотечниот материјал

- Библиотечниот простор треба да обезбедува константна температура и влажност на воздухот, да нема нагли температурни промени како и промена на влажноста на воздухот. Влажноста на воздухот се контролира со хигрометар или хигрограф кој врши автоматско регистрирање на влажноста на воздухот. Може да се користи и полиметар кој истовремено ја мери влажноста и температурата во просторот. За мерење на температурата во просторот може да се користи и живин термометар.

- Книжниот библиотечен материјал се чува на температура од 16-20ºс и релативна влажност од 60%.

- Температурата на воздухот во просторијата каде што се чуваат ормарите со микрофилм треба да изнесува 20ºс ± 3ºс и релативна влажност од 40-50%.

- Во просторијата каде се сместени грамофонски плочи треба да се обезбеди температура од 20ºс ± 2ºс и релативна влажност од 50-60%. Во просторијата каде се користат грамофонските плочи не треба да има прашина.

- Магнетофонските ленти се чуваат во просторија со константна температура 20ºс ± 2ºс и релативна влажност од 50-60%.

Оптималните услови од ставовите на овој член треба да се обезбедат со користење на клима уреди кои го прочистуваат и обезбедуваат циркулација на воздухот и соодветна темпратура и влажност. Доколку дојде до појава на зголемена влажност, треба да се употребат средства за дехидрација.

Член 78

Библиотечниот материјал треба да биде заштитен од директна сончева светлина. За таква заштита се употребаат фолии или филтри на прозорските стакла што ги апсорбираат и не ги пропуштаат ултравиолетовите зраци. Исто така, може да се употребат ролетни, завеси или прозорските стакла да се премачкаат со соодветна боја.

Член 79

Светлосните тела треба да се изолирани и на прописна оддалеченост од библиотечниот материјал. Треба да обезбедуваат доволно светлина и да се топлотно изолирани. Просторот во кој се чува библиотечен материјал може да има само вештачко или комбинирано дневно и вештачко осветлување.

Член 80

За осветлување на изложени печатени материјали или пишувани со мастило или боја, јачината на светлината што паѓа врз нив не смее да биде појака од 150 лукса. За другиот библиотечен материјал, особено ако се работи за ракописи, јачината на светлината оста што паѓа врз нив не треба да биде појака од 50 лукса.

Член 81

За заштита од штетното влијание на прашина, библиотечниот материјал треба да се чисти и протресува најмалку четири пати годишно. Се користи правосмукалка, мека четка како и современи апара-

ти за вентилирање и отстранување прашина.

Член 82

Прифрекфентно користење на библиотечниот простор, подните површини треба да се од материјали кои не создаваат бука и се лесни за одржување хигиена. Покрај секојденвното одржување хигиена, библиотечниот простор и опрема треба темелно да се чистат најмалку двапати годишно.

Член 83

Биолошката контрола на состојбата на просторот во кој се сместува библиотечниот материјал секојдневно ја вршат вработените во библиотеката.

При локална појава на микроорганизми, инфицираните публикации се издвојуваат и се врши дезинфекција. Дезинфекцијата се врши со тампони натопени во 2% формалин или во 2% алкохолен раствор од тимол. Дезинфекција се врши на библиотечниот материјал, полиците и ѕидовите.

Ако се работи за инфекција на фонодот од поголеми размери, се повикува соодветна институција за таа намена.

Заштитата од глодари и разни инсекти се врши со дезинсекција и дератизација од страна на специјализирана институција.

Се препорачува еднаш годишно да се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на библиотечниот простор каде што се чува библиотечниот материјал.

Член 84

Мерки за противпожарна заштита:

- за загревање на просторот не треба да се користат грејни тела со отворен пламен,

- да се врши редовна контрола на електричната инсталација,

- да се врши редовна контрола и на апаратите за противпожарна заштита од надлежна институција.

Член 85

Според прописите за противпожарна заштита се предвидува по 1 подвижен апарат за суво гаснење пожар на секои 100 м² површина.

При евентуален пожар не смее да се гаси со вода. За ракување со противпожарните апарати покрај задолжените лица се оспособуваат сите вработени во библиотеката.

Член 86

Во случај на поплава на библиотечниот фонд, одговорното лице на библиотеката ја известува НУБ „Св. Климент Охридски“-Скопје и постапува по добиените упатства.

Член 87

За заштита и подолготрајна употреба, книгите, списанијата и весниците може да се подврзуваат, а останатиот библиотечен материјал да се сместува во соодветен омот или картонски кутии.

Заштитата на се врши согласно Закон.

Член 88

Превентивната заштита на библиотечните добра се врши со микрофилмирање или дигитализирање.

Овие медиуми се користат и за меѓубиблиотечно зајмување.

Член 89

За заштита на оригиналпите фономатеријали и зачувување на квалитетот на звукот, тие се пресnимуваат на ленти кои потоа се даваат на кристење.

Член 90

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 21, став 5 од Законот за библиотеки („Службен весник на РМ“ бр. 66/2004), министерот за култура донесува

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА НА БИБЛИОТЕЧНИОТ ФОНД И НА БИБЛИОТЕЧНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат видовите, формата, содржината и начинот на водење евиденција на библиотечниот фонд и на библиотечната документација.

Член 2

Евиденцијата се води низ подготовка на запис на податоци за библиотечната единица или библиотечниот документ кои недвосмислено го идентификуваат како посебен.

Податоците што се воведуваат во евиденција се во зависност од правилата за обработка на библиотечниот материјал, за заштитната евиденција на библиотечните добра и за архивското работење.

Член 3

Согласно структурата на библиотечниот фонд, библиотеките водат евиденција на:

- библиотечен материјал,
- библиотечни добра,
- библиотечна документација.

Член 4

Евиденцијата на библиотечниот материјал, библиотечните добра и библиотечната документација се води во форма на инвентарни книги, евидентни картони (записи), каталози, списоци и архивски книги.

Член 5

Инвентарните книги се јавни книги и се организираат како годишни.

Инвентарните книги и другата библиотечна документација се од трајна вредност.

Инвентарната книга на библиотечни добра има третман на заштитено добро.

Член 6

Инвентарните книги се состојат од рубриките:

- инвентарен број,
- дата на инвентарирање,
- опис на библиотечната единицата,
- локациска ознака (сигнатура),
- начин на комплетирање (набавка),
- цена (набавна или по проценка),
- забелешка во која се внесува податок за писмото на кое е напишана евидентираната единица, нејзиното излезно евидентирање и сл.

Член 7

Библиотеките организираат два вида инвентарни книги:

- на библиотечен материјал и
- на библиотечни добра.

Една библиотечна единица може да биде евидентирана само во една книга.

Примената на прописите за заштитна евиденција може да предизвикаат премин на една библиотечна единица од една во друга инвентарна книга што се означува во забелешка како излезна евиденција од односната инвентарна книга.

Член 8

Евиденцијата се води рачно односно на машина

за пишување или е сегмент на електронска библиографска база.

Инвентарните книги и евидентните картони (записи) се чуваат во хартија и дигитално.

Член 9

Во услови на рачно водење евиденција односно на машина за пишување, покрај локациската ознака на библиотечната единица се допишува и бројот на примероци како дупликати.

Во услови на автоматизирана обработка, секој примерок од библиотечната единица добива посебен инвентарен број.

Библиотечна единица со посебен инвентарен број при евидентирање сериски публикации во автоматизирана библиографска база може да биде број или том.

II. ЕВИДЕНЦИЈА НА БИБЛИОТЕЧЕН МАТЕРИЈАЛ

**Инвентарни книги**

Член 10

Библиотечниот материјал се евидентира односно инвентарира кога е селектиран за вклучување во библиотечниот фонд согласно критериумите за комплетирање.

Член 11

Библиотечниот материјал се евидентира во инвентарна книга составена од три дела: монографски публикации, сериски публикации и некнижен библиотечен материјал.

Член 12

Записот за библиотечната единица во инвентарната книга се подготвува од податоци утврдени за инвентарирање во соодветните меѓународни стандарди за библиографски опис на монографски публикации (ISBN/M), сериски публикации (ISBN/S) и некнижен библиотечен материјал (ISBN/NBM) и тоа:

- за монографски публикации (автор/и, наслов/поднаслов, место на издавање, година на издавање или од нив означените на книгата);

- за сериски публикации (наслов/поднаслов, главен и одговорен уредник или издавач, место на издавање, почетна година на комплетирање, годиште и тековна година);

- некнижен библиотечен материјал (автор/и, наслов/поднаслов, вид на библиотечната граѓа на која припаѓа библиотечната единица, изведувач/и, место на издавање, година на издавање или од нив означените на некнижната библиотечна единица).

**Основен каталог**

Член 13

Евидентирањето (внесувањето) во основен (топографски) каталог се врши на крајот од процесот на обработка и означува влез на библиотечната единица во депоата за сместување на библиотеката.

Член 14

Основниот каталог е копија на формалниот во процесот на формирање, а се организира согласно локациската ознака на библиотечните единици.

Библиотеките водат посебни основни каталози за различнивидовибиблиотеченматеријал(монографски публикации, сериски публикации, разни видови некнижен материјал).

Член 15

Основниот каталог е службен.

Записот за библиотечните единици во каталожните картончиња на основниот каталог има значење на книговодствена картичка за основни средства.

Еднаш внесено каталожно картонче/запис во основниот каталог, засекогаш останува во него.

Член 16

Во услови на автоматизирана обработка, основниот каталог има форма на испис (листа) од базата на податоци генериран по локациска ознака.

**Резервен фонд**

Член 17

Библиотеките го евидентираат во посебен каталог резервниот фонд формиран од библиотечен материјал кој влегол во библиотеката, а не е селектиран за комплетирање.

Резервниот фонд служи за пополнување на оштетен/изгубен библиотечен материјал, меѓународна размена или подарок.

Член 18

Каталогот на резервниот фонд се организира во каталожни картончиња согласно елементите за опис од инвентарните книги.

Тој содржи и податок за бројот примероци на библиотечните единици и забелешка за која намена и за која институција се направени извлекувања од резервниот фонд.

**Списоци**

Член 19

Како процес на евиденција, библиотеките подготвуваат списоци на библиотечен материјал во фазата на набавка (нарачки за купување, избрани публикации од понудените за размена или за подарок).

Списоците се формираат согласно принципите за водење инвентарни книги и се во функција на комплетирањето библиотечен фонд.

Списоците може да бидат и сегмент на електронска библиографска база.

III. ЕВИДЕНЦИЈА НА БИБЛИОТЕЧНИ ДОБРА

Член 20

Евиденцијата на библиотечни добра односно заштитната евиденција се води за библиотечните единици кои по закон имаат својство на библиотечно добро или за кои постои основана претпоставка дека се библиотечно добро.

Заштитната евиденција се води во форма на инвентарна книга и евидентни картони.

Член 21

Евиденцијата на библиотечните добра се организира во инвентарна книга за сите видови библиотечни добра.

Инвентарната книга за библиотечни добра може да се организира и во делови согласно збирките на видови библиотечни добра.

Член 22

Инвентарната книга на библиотечните добра се води рачно односно на машина за пишување.

Во услови на автоматизирана обработка, во функција на инвентарна книга на библиотечните добра се прават годишни исписи од автоматизираната библиографска база која овозможува евиденција на вкупниот библиотечен фонд.

Исписите на инвентарната книга се генерираат по збирки или видови библиотечни добра односно локациски ознаки.

Заради сортирањето по локациски ознаки, инвентарната книга од претходниот став има функција на основен каталог.

Член 23

Задолжителниот (архивски) примерок се евидентира во посебен дел на инвентарната книга на библиотечни добра односно се прави испис од електронската библиографска база согласно локациската ознака.

За задолжителниот (архивски) примерок се

води посебен основен каталог.

Член 24

Во функција на евиденција на дистрибуцијата на задолжителниот примерок, Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ Скопје води и списоци за задолжителен примерок.

Списоците од претходниот став се водат одделно за секоја депозитна библиотека, по месеци и број на примероци.

Списоците за задолжителен примерок ја следат дистрибуцијата и се библиотечни документи од трајна вредност.

IV. ЕВИДЕНЦИЈА НА БИБЛИОТЕЧНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 25

Библиотечната документација содржи податоци за легалноста на поседувањето единици од библиотечниот фонд, утврдените состојби или оценки како и предложените или преземените мерки и интервенции врз него.

Член 26

Библиотеките организираат посебна книга за евиденција на библиотечната документација.

Библиотечните документи што се евидентираат се од трајна вредност.

Член 27

Библиотечната документација се состои од:

- списоци за дистрибуција на задолжителен примерок,

- договори/акти за подарок или отстапување,

- тестаментални завештанија (легати),

- купопродажни договори или финансиски документи за купување,

- списоци од/за меѓународна размена,

- решенија за привремена заштита на библиотечни добра,

- акти за заштита на библиотечни добра,

- одобренија за привремено изнесување во странство на заштитени библиотечни добра,

- уверенија за извоз и изнесување во странство на незаштитени добра;

- мислења и наоди за состојбата на библиотечниот фонд (услови на чување, настанати штети од различни причинители и сл.),

- елаборати и мислења за преземање мерки на непосредна заштита на библиотечните добра,

- мислења за мерки и начин за вршење превентивна заштита на библиотечниот фонд,

- инвентарни книги,

- одлуки за отстапување библиотечен материјал,

- решенија за отпишување библиотечен материјал,

- записници за ревизија на библиотечниот фонд,

- записници за наоди и др. документи од инспектирање на библиотеките во врска со чувањето, заштитата, ракувањето и користењето на библиотечниот фонд,

- барања и мислења за изработување копии на библиотечни добра,

- др. акти согласно закон и овој Правилник.

Член 28

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 29, став 4 од Законот за библиотеки („Службен весник на РМ“ бр. 66/2004), министерот за култура донесува

**П Р А В И Л Н И К**

# ЗА РЕГИСТАРОТ НА КОПИИ НА БИБЛИОТЕЧНИ ДОБРА И ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА СЕРТИФИКАТОТ

Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат содржината и начинот на водење Регистар на библиотечни копии и на содржината и формата на образецот на сертификатот за библиотечна копија.

Член 2

За изработката копии на библиотечно добро, библиотеките прибавуваат писмено мислење во смисла на препорака од Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ Скопје како матична установа за заштита на библиотечни добра.

**Регистар на копии на библиотечни добра**

Член 3

Библиотеките водат Регистар на копии на библиотечни добра кои се составен дел на библиотечниот фонд.

Реистарот на копии на библиотечни добра се состои од регистарски листови.

Член 4

Регистарскиот лист за копија на библиотечно добро е формулар со рубриките:

- назив на библиотеката или институцијата со библиотека како организациски дел кои го водат регистарот,

- назив на регистарот,

- реден број на вписот (регистерски број),

- единствен матичен број на библиотечното добро од кое е изработена копијата (ЕМБ),

- шифра на библиотечното добрао согласно Националната класификација на културното наследство,

- наслов на библиотечното добро по кое е изработена копијата,

- опис на библиотечното добро согласно правилата за евиденција,

- состојба на сочуваност на библитечното добро,

- назив/име на институцијата односно имателот по чие библиотечно добро е изработена копијата,

- назив на институцијата или име и презиме на поединецот кои ја изработиле копијата,

- број на копиите,

- дата на вписот во Регистарот,

- име, презиме и потпис на лицето кое го извршило вписот,

- забелешки.

Во рубриката „забелешки“ се запишуваат институциите/имателите кои ја поседуваат копијата на библиотечно добро односно кои нарачале изработка на копија .

**Образец на сертификатот за копија на библиотечно добро**

Член 5

Сертификатот за копија на библиотечно добро го издаваат библиотеките или институциите со библиотека како организациски дел за копии на библиотечни дела од нивниот библиотечен фонд.

Член 6

Сертификатот за копија на библиотечно добро е формулар во А4 формат со податоците:

- назив на библиотеката или институцијата со биб-




лиотека како организациски дел кои го издаваат сертификатот,

- регистерски број на копијата на библиотечното добро (реден број на вписот во Регистарот),

- единствен матичен број на библиотечното добро (ЕМБ) за чија копија се издава сертификат,

- шифра на библиотечното добрао согласно Националната класификација на културното наследство,

- назив на актот: „Сертификат",

- текст: „Се потврдува дека оваа копија е верна на огигиналот",

- наслов на библиотечното добро за чија копија се издава сертификатот,

- опис на библиотечното добро согласно правилата за евиденција,

- реден број на копијата искажан во цифра и со букви,

- дата на издавање на сертификатот односно впишот во Регистарот на копии на библиотечни добра,

- име , презиме и потпис на работоводниот орган на библиотеката или организацијата во чиј состав е библиотеката,

- печат.

Член 7

Регистарот на копии на библиотечни добра како и самите сертификати се водат рачно (калиграфски) односно на машина за пишување.

Член 8

Формуларите на регистарските листови и образецот на серификатот ги изработува Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" Скопје како матична установа за заштита на библиотечни добра.

Член 9

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

# ПРИЛОГ 1: ФОРМУЛАР НА РЕГИСТЕРСКИОТ ЛИСТ

**Назив на библиотеката (институцијата во чиј состав има библиотека)**

## Регисар на копии на библиотечни добра

| | |
|---|---|
| Реден број на вписот | |
| ЕМБ (Единнствен матичен број) на библиотечното добро од кое е изработена копијата | |
| Шифра на библиотечното добро (Национална класификација на културното наследство) | |
| Наслов на библиотечното добро | |
| Опис на библиотечното добро (според правилата за евиденција) | |
| Состојба на сочуваност | |
| Назив/име на институцијата/ имателот на библиотечното доб- ро по кое е изработена копијата | |
| Назив на инстуцијата или име и презиме на поединецот кои ја изработиле копијата | |
| Број на копииите | |
| Дата на вписот во Регистарот | |
| Име, презиме и потпис на лицето кое го извршило вписот | |
| Забелешки | |

## ПРИЛОГ 2: ОБРАЗЕЦ НА СЕРТИФИКАТОТ

…………………………………………………………………………………………………..

(назив на библиотеката/институцијата во чиј состав има библиотека)

……………………………………………………………………………………………

(регистарски број на копијата на библиотечното добро)

……………………………………………………………………………………………

(ЕМБ - Единнствен матичен број на библиотечното добро)

……………………………………………………………………………………………

(шифра на библиотечното добро (Национална класификација на културното наследство)

**СЕРТИФИКАТ**

**Се потврдува дека оваа копија е верна на огигиналот**

……………………………………………………………………………………..

(наслов на библиотечното добро)

…………………………………………………………………………………………..

…………………………………………………………………………………………...

(кус опис на библиотечното добро)

……………………………………………………………………………………………

(реден број на копијата во цифра и букви)

……………………………………………………………………………………

(дата на издавање на сертификатот односно вписот во Регистарот на копии на библиотечни добра)

……………………………………………………………………………………........

(име и презиме на работоводниот орган на библиотеката или
институцијата во чиј состав е библиотеката)

…………………………

(потпис)

Место за печат

# СВЕТСКИ БИБЛИОТЕКАРСКИ И ИНФОРМАЦИСКИ КОНГРЕС

## 71. ГЕНЕРАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА И СОВЕТ НА МЕЃУНАРОДНАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА БИБЛИОТЕЧНИ АСОЦИЈАЦИИ Осло, 14-18. август 2005

### Белешки и впечатоци

Дипл. прав. Зорка Чекичевска,
виш библиотекар
Национална установа Универзитетска
библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

Присуството, а уште повеќе учеството, на Светскиот библиотекарски и информациски конгрес на Меѓународната федерација на библиотекарски асоцијации (ИФЛА) односно на нејзините генерални годишни конференции е настан од исклучително значење за секој библиотекар, за нас, безмалку привилегија. И не само заради неповторливата можност изворно да се дознаат најновите исходишта и проекти кои го бележат актуелниот светски тренд на библиотекарството; запознаат или само препознаат личности од сферата на теоријата или праксата на оваа дејност со чии трудови се имало средби само преку книгата или е-информацијата и отпочнат контакти со безброј колеги од многу страни на светот со кои веднаш и живо се детектираат сличностите, разликите или потешкотиите во функционирањето на библиотеките туку и заради:

- гордоста од присуството на така грандиозен настан од планетарно значење;

- евидентната неспорна моќ на фелата на која припаѓаш манифестирана дури и само низ статистички показатели;

- пораките упатени до владите/властите на земјите во Светот за начините и аспектите на идното физиономирање на оваа дејност неразделно врзана за општиот развој на човековата цивилизација.

*Последново, особено, се однесува на респектибилните активности на утврдување текстови на унифицирани правила за различни аспекти на библиотечното работење низ ангажирање врвни експерти меѓу своите членови кои, потоа, на библиотеките им се нудат во форма на препораки; соработката и обостраната поддршка на проекти со УНЕСКО (Меморија на светот), но и со Светската организација за интелектуална сопственост (во доменот авторски права).*

Инаку, 71-та генерална конференција и совет на ИФЛА (Осло, 14-18.08.2006 г.) беше посветена на темата „Библиотеките **– патот на откривањето”**.

*Дури и логото на ИФЛА 2005 год. конвергираше со основната тема. Тоа беше стилизирана форма на прамец извиен на клунот на Викиншки брод од 8. век чија функција била покажување на исправниот курс на движење во правец на целта која, неретко, била и буквално откритие!*

Овогодишниот Конгрес забележа околу 3.000 учесници (точно 2.983) од 133 земји кои поднесоа 200 реферати со 404 говорници или презентери, а се реализираа 216 состаноци во пет објекти во Осло со мноштво сали. *(Невозможно е да се најде компромис меѓу интересот и многуте настани кои се случуваат во исто време на различни места.)* За сето времетраење на ИФЛА Конгресот се печатеше дневниот билтен ИФЛА Експрес (8 броја) како издание на Националниот организациски комитет на Норвешка и соработка на Секретаријатот на ИФЛА.

Содржинската исполнетост на годинешниот Светски библиотекарски и информациски конгрес ги покриваше, речиси, сите сегменти на функционирањето на библиотечниот сервис. Тоа, впрочем, е и негово одамнешно обележје. Разликите се само во аспектите и приоритетите како и во вклучувањето или вклопувањето на ИФЛА во општиот актуелен политички, општествен или друг контекст.

*Годинава, таков беше односот и ангажманот на ИФЛА кон библиотеките на земјите кои страдаа од цунамито кон крајот на 2004 год. во смисла на нејзина помош и лобирање за помош во обновата на библиотеките и книжниот фонд.*

Следствено на основната тема, ИФЛА 2005 год., првенствено, беше окупирана со елаборирање и промовирање на идеи и решенија насочени кон бонифицирањеиолеснувањенапристапотизбогатувањето на квалитетот на информациите за фондовите и содржините што ги поседуваат библиотеките без оглед каде се наоѓаат (менаџирање со знаењето во

делот на информацијата за него). Сите други прашања кои претходат или се подготовка за овие, се чини, се надминати, барем во основните постулати и пристапи. Така, веќе ги нема „големите теми“ како единствени библиотечни системи, радикално нови правила за обработка како систем, опасноста од „исчезнувањето“ на книгата како медиум и сл. Тие, за развиениот свет или за догледен период на практикување на библиотекарството веќе, речиси, се апсолвирани и надвор од „видното поле“ на просудување на библиотекарите и информатичарите. Особено забележани беа рефератите за политиките на развој, нормирање, унифицирање и општ подем на училишните библиотеки на државно ниво, но и искуства од такви проекти. *(Оваа општа оценка како сознание поразува во споредба со нашата состојба која сеуште кубури со статусот и позициите на националната библиотека!)*

Друга тема која последниве, а и оваа година, високо котира на листата на интереси и приоритети на ИФЛА, но и на многу други организации и заедници, се авторските права т.е. нивната заштита во делот што ги тангира библиотеките. Во излагањата беше констатиран голем дебаланс во статусот, регулирањето и заштитата на авторските права и интелектуалната сопственост во развиените земји и тие во развој или неразвиени. Токму достигнувањата во остварувањето на овој сегмент на човековите права и слободи е непобитен показател за нивото на развој на вкупниот општествен, политички и економски живот на една заедница. Во правец на приближување до стандардите на развиените земји беше посочувано закупувањето колективна лиценца за пристап до информации на бази на податоци и електронски публикации преку формирање конзорциуми на библиотеките, информативните центри, асоцијациите и сл. на една земја. *(Аспектот на заштита на авторските права во работењето на библиотеките кај нас не е ни во зародиш на концепциско осмислување, а за пристап кон реализација и да не говориме.)*

Во функција на реченото како општа оценка за овогодишната ИФЛА, куса елаборација заслужуваат случувањата во Секцијата за школски библиотеки (во средни и основни училишта).

Имено, разбирливо е што со нивниот развој се окупирани и понудија искуства развиени земји: Норвешка, Австралија, Јужна Кореја и др. Притоа, во севкупен опсег кој е можно да се идентификува и употреби за цели на нивното унапредување и, во крајна линија, за нагорниот од на образованието. Така, како нивоа за лобирање и дејствување се користат централните, локалните и микро властите (самите училишта) со апсолутно хармонизирање на барањата од секоја власт. Неизбежно е и вклучувањето на невладиниот сектор во сите активности, а посебно е значајно тоа на библиотечните асоцијации. Карактерот на активностите е во лепеза од: нормативно регулирање на статусот и функцијата на школските библиотеки на државно ниво; разграничување надлежностите меѓу централната и локалната власт како и координација на нивните активности во овој домен; формирање или доформување на библиотекарскиот кадар во школските библиотеки низ регулирање на работното време (part time), заменување на наставниците-библиотекари со професионални библиотекари или дообразување на наставниците со задолжително поседување лиценца за библиотечно работење; опремување со ИТ технологија и омрежување на овој вид библиотеки; организирање кампањи за промоција на библиотеките и читањето; стимулирање на донациите за библиотеки и др.

Секциите за содржинска обработка се занимаваа со прашањата на: настанокот на правилата за предметен опис на француски јазик RAMEAU (првенствено отпочнати во Квебек) и механизмот на градење и ажурирање на нивниот тезаурус; кодификацијата и промените кои сеуште го следат УДК стандардот и неговото приспособување во информатичко окружување; презентација на еден проект кој го води Националната библиотека на Чешка, а се состои во мрежно, едновремено пребарување во on line каталозите на националните библиотеки од Чешка, Хрватска, Летонија, Литванија, Македонија, Словачка и Словенија. *(Беше соопштено дека во него учествувала и НУБ „Св. Климент Охридски“ Скопје која, како и повеќето, бесплатно ги направила бараните работи по Проектот кофинансиран од европските структури. Инаку, пребарувањето се врши по УДК односно по мултијазичен азбучно-предметниот регистар на точно определени УДК броеви. Софтверот обезбедува вкупен број погодоци како резултат од пребарувањето, но со бележење во која библиотека која единица се наоѓа. Не е познато какви се сознанијата од ефектите на овој Проект во НУБ ниту искуствата од неговата примена).*

Експертите за формална обработка расправаа и доуточнуваа детали за УБК, нормативните датотеки и нивното значење, но и прашањата за селекција и обработка на електронските публикации особено

WEB страниците со сите специфики на последниве (обележје на национална продукција, селекција по јазик, начин на следење заради ажурирањето, читање, конзервирање и чување, опис и сл.).

Комитетот на ИФЛА за слобода на пристапот до информациите и слобода на изразувањето (FAIFE) ги презентираше сознанијата на еден мега истражувачки проект за слободата на пристап до информациите и користењето интернет во (преку) библиотеките последните 3 години. Два податоци се бележити: 43% од пристапот до интернет во библиотеките корисниците го плаќаат. Во 2005 год. интернетот во сите видови библиотеки бил бесплатен за корисниците од што 5% во јавните, а 19% во истражувачките библиотеки. *(БДМ и НУБ „Св. Климент Охридски“ Скопје учествуваа во проектот со одговори на прашалник.)*

И на крајот, неизбежна последица на сознанијата од ИФЛА Конгресот е одмерувањето на степенот на развој на сопствената земја манифестиран низ библиотекарството или нејзино котирање на глобалната библиотекарска листа како и детектирање на пропустите или предностите, погрешните или вистинските чекори во насочувањето на нејзиниот развој или примената на утврдената концепција. А, тука, евидентно од реченото, за жал, ние стоиме лошо. И, што е уште полошо, без навестување дека нешто сериозно се придвижува напред.

А, кој знае, можеби нешто од реченото ќе послужи како идеја или образец во формирањето стратегија, макар, на некој проект на некоја наша библиотека!



УДК 027.022(497.7)(091)

# ГРАДСКАТА БИБЛИОТЕКА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" – СКОПЈЕ 60 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ И РАСТЕЖ

М-р Сузана Котовчевска, библиотекар

Градска библиотека
„Браќа Миладиновци", Скопје

Почетоците на богатата македонска културна историја нераскинливо се поврзани и извираат од епохалното и грандиозно дело на солунските браќа Кирил и Методиј. Тие на словенскиот народ му го поклонија светилникот на првата писменост и првите книги како процес на севкупен цивилизациски развој. Нивното огромно просветителско дело е темел и на библиотекарството како една од најзначајните културно-просветни содржини на културната историја на словенските народи, а во тој контекст и на македонскиот.

Со исто таква посветеност, нивното дело го продолжиле Светите Климент и Наум Охридски развивајќи плодна културно-просветна дејност. Свети Климент Охридски го формирал првиот и најстар Универзитет во Европа (уште пред Болоњскиот универзитет кој е формиран во 1088 година). Неговата библиотека, која се споменува во житието на Теофилакт, заедно со библиотеката на Свети Наум Охридски, го означуваат почетокот на историјата на библиотекарството на Македонија. Десетвековната традиција на македонското библиотекартство е обележена со развојни амплитуди, уништувања, грабежи но и опстојување, со тоа и остварување на културната и просветителска мисија до денешни дни.

Денес, кога ја прославуваме 60 годишнината од формирањето на Градската библиотека „Браќа Миладиновци", Скопје, со гордост, можеме да истакнеме дека нашата библиотека претставува уште еден нераскинлив дел од богатата Свети Климентова ризница на огромно културно и просветителско наслеедство.

Градската библиотека е формирана е во 1945 година како библиотека на главниот град на новата современа македонска држава со скромен книжен фонд од 3500 публикации. Во 1956 година Градската библиотека е преименувана во Околиска библиотека, за веднаш после тоа пак да го промени називот во Народна библиотека на Скопската околија.

Нејзината основна функција во тој период е да дејствува како библиотечен центар на Скопската околија, односно главен носител на библиотечната дејност во градот. Во 1962 година, Библиотеката е прогласена за матична библиотека за подрачјето на град Скопје, со функција на спроведување планско и организаирано ширење на библиотечната мрежа во градот. Во 1963 година, Градската библиотека се преименува во Градска библиотека „Браќа Миладиновци".

Во февруари 1974 година Градската библиотека „Браќа Миладиновци" се интегрира со другите самостојни библиотеки на општините на град Скопје, и тоа Библиотеката „Другарче и библиотеките „Страшо Пинџур" и „Цветан Димов" заедно со своите клонови. Од нејзиното интегрирање до денес Градската библиотека „Браќа Миладиновци" работи како единствена јавна библиотечна институција во градот Скопје. Со оглед на нејзиниот континуиран и брз развој доаѓа до чести промени на нејзината лоцираност. Конечно, во 1973 година, изградена е новата библиотечна зграда во која и денес е сместена и функционира Градската библиотека „Браќа Миладиновци".

Во времето на своето дејствување, Библиотеката бележи и континуиран квалитетен кадровски растеж и екипираност. Библиотечниот кадар денес во целост е оспособен да одговори на сите предизвици што ги поставува современото библиотекарско работење.



Од неодамна, Библиотеката отпочна интезивен процес на компјутеризација и постепена имплементација и учество во единствениот библиотечно-информациски систем на РМ – КОБИСС. МК. Овој процес ќе овозможи зголемено користење и пристап до интернет мрежата и целосно вклучување во современите трендови на библиотекарското работење.



Книжниот фонд на Библиотеката континуирано се обновува и зголемува достигнувајќи ја бројката од преку милион публикации обработени според меѓународни стандарди за обработка на монографски и сериски публикации. Таквиот тренд на збогатување на книжниот фонд продолжува како политика (непосредно пред јубилејов набавени се околу 4.700 примероци книги во 137 наслови од 127 автори од сите жанрови и научни области).

Како значајна јавна културно - образовна и просветна институција, преку широк спектар на активности, Градската библиотека постигнува забележителни резултати и во доменот на популаризација и афирмација на книгата, но и во збогатувањето на културното живеење на нашата метропола. Таа се повеќе станува омилено катче на младата популација, посебно на училишната и студентската. Во рамките на едукативните активности, уште од 1962 година, во Градската библиотека се организира курс по англиски јазик наменет за помладите. Тој се одвива во текот на целата учебна година по најнови наставни програми и со примена на современи методи за изучување на странски јазици. На планот на популаризирање на книгата, а во функција на реализирање други културно - воспитните активности на Библиотеката, за потенцирање се дополнителите содржини на работа со најмладите – децата од предучилишна возраст. Оваа функција Библиотеката ја остварува долги години преку активностите во омиленото катче на најмладите - игралната. Во неа, децата од предучилишна возраст се дружат, играат и се воспитуваат под стручен надзор на педагози.

Новина во работењето на Градската библиотека претставува и отворањето читална наменета за студентска популација со нон-стоп работно време односно 24 часа во текот на денот. Оваа активност се покажа како оправдана одлука заради огромниот интерес на студентите за нејзино користење во време на подготвки испитите како и заради можноста од бесплатно користење интернет услуги. За релативно краток временски период, читалната се претвори во омилено и често посетувано катче на студентите од Скопје - читална каква што имаат нивните колеги во другите европски метрополи.

Денес, кога неизбежно се наметнуваат прашањата дали библиотеките ќе продолжат да егзистираат во окружување на виртуелна комуникација, во услови кога компјуреските мрежи ги рушат бариерите во секоја смисла, нашиот одговор и верба е дека книгата и понатаму ќе остане верен сопатник и пријател на човекот. Оти, секој што зел книга в раце, ја почуствувал, ја отворил и прелистал, многу добро ја знае нејзината вредност на пренесување на сето човечко знаење и умеење. Книгата не е ексклузивно право на една цивилизација, таа е наследство на сите сегашни и идни цивилизации. Затоа вечно ќе живее, како што и библиотеките вечно ќе живеат како центри на духот на човековата цивилизација.

## ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА НА РМ ПРОЕКТИ 2006 ГОД.

## МЕЃУНАРОДНА КУЛТУРНА СОРАБОТКА

Подносител на проектот

**Библиотекарско друштво на Македонија**

Назив на проектот
**Соработка и членување во меѓународни асоцијации: ИФЛА и др.**

**Раководител**

Зорка Чекичевска, Претседател на БДМ

адреса/седиште на БДМ: НУБ „Св. Климент Охридски“ Скопје, Бул. „Гоце Делчев“ бр. 6, bdm@nubsk.edu.mk; zorka@nubsk.edu.mk

**Цел**

Увид и информирање за новините во развојот на библиотечната дејност на меѓународно, регионално или национално ниво.

Непосредно учество во активности на библиотечни асоцијации, промотори и творци на современите трендови во оваа област (ИФЛА, др. асоцијации или организациони форми на соодветни меѓународни организации).

Двонасочен достап до светскиот информативен простор за библиотекарството.

**Опис на активностите**

Членувањето на БДМ во ИФЛА (Меѓународна федерација на библиотекарски асоцијации и организации) и соработката со нејзини тела или придружни асоцијации значи и добивање одредени списанија (IFLA Journal), месечни билтени и други информативни материјали за работата и активностите на тие, но и на други организации (УНЕСКО) и разни меѓународни комисии и тела. Низ приопштување како превод или непосредно користење, тоа обезбедува пристап до информации за актуелните збиднувања во европскиот и светски библиотечно-информациски кампус.

Учеството на годишни и други конференции со/без конкретни излагања, меѓу другото, е статусен белег на претставување на оваа дејност на независна држава.

Непосреден контакт и размена на искуства по разни прашања меѓу библиотекари од различни земји.

**Динамика на реализација**

Проектот има континуиран тек и значење и се води секоја година. Впрочем, иманентно за активности на членување и учество во работа на одредени асоцијации/организации (обнова на членарина, следење на информативни гласила, пристап до информации, мултилатерална соработка со истородни асоцијации).

**Кадар**

Проектот ќе биде реалиозиран од повеќе извршители со ВСП, библиотекари, виши библиотекари, библиотекарски советниц, членови на БДМ.

**Финансиски средства**

| | |
|---|---|
| - членарина во ИФЛА | = 30.000,00 |
| - учество на Год. конференција на ИФЛА | |
| (Сеул) – котизација и патни трошоци | = 74.000,00 |
| ВКУПНО | = 104.000,00 ден. |

**Очекувани ефекти**

Информирање, запознавање и остручување на библиотечниот кадар од националната библиотечна мрежа на РМ за современите текови на развој во библиотекарството и информациските науки.

Осознавање и можност за одредување правци на развој кои обезбедуваат наша компатибилност со практикувањето библиотекартство и информација со европскиот и светски пристап.

Хармонизирање на професоналната оспособеност на библиотечниот кадар.

Обезбедување застапеност на библиотечната дејност од РМ во информативните текови меѓународното невладино организирање на библиотечната струка.

Воспоставување професионални контакти кои, истовремено, значат и афирмација на нашата библиотечно-информациската дејност.

Библиотекарско друштво на Македонија
Претседател,
Зорка Чекичевска

## БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ

Подносител на проектот

**Библиотекарско друштво на Македонија**

Назив на проектот
**Подготовка на инструктивни помагала – едукација на библиотечен кадар**

**Раководител**

Јелена Фиданоска, виш библиотекар, НУБ „Св. Климент Охридски" Скопје

адреса/седиште на БДМ: НУБ „Св. Климент Охридски" Скопје, Бул. „Гоце Делчев" бр. 6, bdm@nubsk.edu.mk

**Цел**

Инструирање на библиотекарите од сите видови библиотеки за дејности кои воведуваат новина или промени во работењето.

Едукација на библиотекарите во услови на непостоење институционална форма на образование на библиотекарски кадар.

Конкретно за:

- содржината и начинот на употреба на УДК ознаките за Македонија, а по прифаќањето на проширувањето на единствениот УДК број за Македонија иницирано при Конзорциумот за УДК (нумерички систем за содржинска обработка на библиотечен материјал),

- откривање, постапки на прелиминарно идентификување, услови на чување и заштита на библиотечни добра и редок библиотечен материјал согласно одредбите на Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ" бр. 20/04), Законот за библиотеки („Службен весник на РМ" бр. 66/04) и технички стандардизирани нормативи.

**Опис на активностите**

Подготовка и печатење (на компјутерски печатач) на инструктивни помагала за означените теми кои претставуваат актуелни новини во технологијата на библиотечното работење.

Бројот на страниците на двата инструктивни материјали нема да помине 2 авторски табаци, а бројот на примероците - околу 200.

**Динамика на реализација**

Проектот ке се реализира во третиот квартал од 2006 год.

**Кадар**

Проектот ќе биде реализиран од извршители од НУБ „Св. Климент Охридски" (1 магистер, 3 виши библиотекари и 1 конзерватор).

**Финансиски средства**

За реализација на Проектот, потребни се финансиски средства за:

| | |
|---|---|
| - авторскихонорарзаподготовка наинструктивните материјали (2 авторски табаци) | = 25.000,00 |
| - печатење (200 примероци) | = 4.000,00 |
| - поштенски трошоци | = 1.000,00 |
| ВКУПНО: | = 30.000,00 ден. |

**Очекувани ефекти**

Обезбедување унифицираност на практикувањето библиотекарство на државно ниво. Цел – од исклучително значење за планирањето и финансирањето, функционирањето на единствениот библиографско-информациски систем како и мерливоста на податоците при статистички анализи.

Едукација на библиотечниот кадар.

Подобривање успешноста на реализацијата на интенциите на Законот за заштита на културното наследство на РМ во сегментот пишувани културни добра.

Библиотекарско друштво на Македонија
Претседател,
Зорка Чекичевска

## БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ

Подносител на проектот

**Библиотекарско друштво на Македонија**

Назив на проектот

**Изборно собрание на БДМ**

**Единствениот библиогрфско-информациски систем на Република Македонија во услови на премин на народните (јавни) библиотеки во надлежност на локалната власт**

**(тематскин дел на Изборното собрание)**

**Раководител**

Зорка Чекичевска, Претседател на БДМ

адреса/седиште на БДМ: НУБ „Св. Климент Охридски“ Скопје, Бул. „Гоце Делчев“ бр. 6

bdm@nubsk.edu.mk; zorka@nubsk.edu.mk

**Цел**

Во тематскиот дел:

Приопштување и размена на знаења, новини и искуства за прашања на организацијата и функционирањето на единствен библиографско-информациски систем понудени од теоретичари и практичари на библиотекарството и информатиката кај нас и, по можност, од соседни земји со чии библиотечни асоцијации БДМ одржува и развива соработка Тоа, во услови на премин на дел од библиотечната јавна служба во надлежност на локалната самоуправа, процес карактеристичен за нашата актуелност.

Освен библиотечната јавност, целни групи на овој дел од Изборното собрание би биле и претствници на централната извршна власт (култура, образованбие и наука, локална самоупрацва), на универзитетската номенклатура како и на локалната власт..

Во работниот дел:

Поднесување извештаи за работа на БДМ за периодот мај 2004 – мај 2006 год., доделување на наградата „Климентова повелба“, избор на нови органи на управување.

**Опис на активностите**

Детализирање на темата за библиографско-информацискиот систем во поединечни сегменти и нивно проблематизирањеилиафирмирањениздебатноискажување на учесниците на Изборното собрание.

Би се направиле напори за обезбедување излагања на професори на факултети по библиотекарство и, секако, на истакнати библиотекари кои работеле на реализирање на вакви задачи во своитесредини/земји.

Нашето Друштво би имало воведно насочувачко, но, и други излагања.

Од тематскиот дел на Изборното собрание би произлегол зборник на трудови, на македонски и англиски јазик.

**Динамика на реализација**

Проектот ке се реализира во првата половина на 2006 год.

**Кадар**

Членовите на Извршниот одбор на БДМ, на Издавачкиот совет на списанието „Библиотекарство”, повеќе библиотекари од НУБ, народните (јавни) и други библиотеки, членови на БДМ.

**Финансиски средства**

За реализација на Проектот, потребни се финансиски средства за:

| | |
|---|---|
| - авторски хонорар за рефератите (3 авторски табаци) | = 48.000,00 |
| - превод (3 авторски табаци) | = 24.000,00 |
| - печатење зборник | = 26.000,00 |
| - меѓународен превоз | = 35.000,00 |
| - хотелско сместување на гостите од странство (8 ноќевања) | = 30.000,00 |
| - патни трошоци (автобуси) | = 12.000,00 |
| - награда „Климентова повелба“ | = 18.000,00 |
| - дневници | = 6.000,00 |
| - админист. и поштенски трошоци | = 8.000,00 |
| ВКУПНО: | = 207.000,00 ден. |

**Очекувани ефекти**

Стекнување знаења за што поуспешно градење и функционирање на единствениот библиографско-информациски систем во услови на повеќеслојна надлежност брз библиотечната јавна служба (централна/локлна власт; култура/образовани и наука). Ова, особено, во услови на премин на народните

(јавни) библиотеки во надлежност на локалната власт.

Воспоставување и негување соработка и контакти со библиотекари од странство, размена на искуства и знаења.

Промовирање на македонско библиотекарство вклучително и неговиот невладин дел преку активностите на БДМ, книжната издавачка продукција, сегменти на културното наследство во РМ односно македонската култура општо.

Библиотекарско друштво на Македонија
Претседател,
Зорка Чекичевска

## БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ

Подносител на проектот

**Библиотекарско друштво на Македонија**

Назив на проектот

**Промоција на книгата, читањето, библиотеката и професијата библиотекар**

**Организирање државен натпревар „Млади библиотекари";**

**Придружување кон одбележувањето на 23 април – Светскиот ден на книгата и авторските права**

**Раководител**

Миле Бошески, Раководител на Одделот за развој на библиотекарството при НУБ „Св. Климент Охридски" Скопје,

адреса/седиште на БДМ: НУБ „Св. Климент Охридски" Скопје, Бул. „Гоце Делчев" бр. 6

bdm@nubsk.edu.mk; mile@nubsk.edu.mk

**Цел**

Афирмација на книгата, читањето, авторските праваибиблиотекарството.Последново,каконераскинлив дел и вистинска логистичка поддршка на образованието, науката и културата односно вкупниот цивилизациски раст на човештвото општо. Во таа смисла, и на македонското општество.

**Опис на активностите**

Организирање промотивни активности за афирмација на книгата, читањето и библиотеката (печатење промотивен материјал, наградни конкурси за есеи и сл.)

Организирање државен натпревар на млади библиотекари (корисници на народните библиотеки). Доделување награди и признанија.

Чествувањето на Денот на книгата, авторските права и библиотекарството се состои во организирање свечен собир на библиотекари, автори и корисници на библиотеки и читање на Поракатa на генералниот секретар на УНЕСКО по тој повод како и Македонска порака. (Организацијата на чествувањето, последниве години, е монополизирана од страна на НУБ"Св. Климент Охридски" Скопје).

**Динамика на реализација**

Проектот е од традиционален карактер.

Општинските и завршното државно натпреварување на млади библиотекари ќе се одржат во месеците септември/ноември 2006 год.

Одбележувањето на денот на книгата и авторските права ќе се реализира во месец април 2006 година.

**Кадар**

Извршен одбор на БДМ и други членови.

Комисија за спроведување на Државниот натпревар.

**Финансиски средства**

За реализација на Проектот, потребни се финансиски средства за:

- распишување конкурс за државниот натпревар „Млади библиотекари" = 2.000,00
- награди и признанија = 7.000,00
- патни и дневни трошоци на Комисијата за спроведување на натпреварот = 6.000,00
- печатење материјали, поштенски трошоци = 2.000,00
- учество во традиционално подарување цвет во рамките на манифестацијата „Светски ден на книгата и авторските права" =3.000,00

ВКУПНО = 20.000,00 ден.

**Очекувани ефекти**

Афирмација на значењето на книгата во процесот на образованието, развојот и формирањето на лич-

носта кај младата популација во РМ, но и популаризација на библиотеките како институции и библиотекарот како професија, во рамките на натпреварот „Млади библиотекари".

Вклучување на Република Македонија во одбележувањето на Светскиот ден книгата, авторските права и библиотекарството како активен партиципиент во светскиот цивилизациски простор.

Свртување на вниманието на центрите на одлучување на проблемите и потребите во доменот книгата, авторот, авторските права и библиотеките.

Библиотекарско друштво на Македонија
Претседател,
Зорка Чекичевска

## БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ

Подносител на проектот

**Библиотекарско друштво на Македонија**

Назив на проектот

**Професионално надградување на библиотекарите низ подготовка и издавање стручно списание „Библиотекарство"**

**Раководител**

Зорка Чекичевска, Претседател на БДМ

адреса/седиште на БДМ: НУБ „Св. Климент Охридски" Скопје, Бул. „Гоце Делчев" бр. 6

bdm@nubsk.edu.mk; zorka@nubsk.edu.mk

**Цел**

Издавањето на стручното списание „Библиотекарство" е со цел за информирање за современите текови во теоријата и праксата на библиотечната дејност и професија. Особено, за новините во доменот на меѓународните и други стандарди, правила и препораки за нејзино организирање и вршење.

Едукација на библиотекарскиот кадар во РМ, што е од посебна важност заради отсуството на каков било друг облик на институционално (до)образование на библиотекари кај нас.

Стимулирање и афирмирање на нашите стручни и творетки вредности во оваа сфера како и промоција на библиотекарство во РМ во целина.

Документирање на настани и случувања во библиотеките во РМ.

**Опис на активностите**

Поттикнување и насочување на творечки (авторски) исказ за теоретски, историски, апликативни, инструктивни и за сл. прашања и проблеми од доменот на библиотечно-информациската дејност; прибирање на такви стручни материјали од дејствувањето на сите учесници во националната библиотечна мрежа; преведување меѓународни стандарди, препораки и др материјали како и написи од странски стручни списанија; уредување, печатење и дистрибуирање на списанието во библиотеки во земјата и старнство.

"Библиотекарство" се објавува во 2 броја годишно и тираж од 300 примероци.

**Динамика на реализација**

Проектот е од долгорочен карактер, а се одвива целата година.

(Со мали прекини, списанието континуирано излегува од 1955 год., по 2 броја годишно.)

**Кадар**

Непосредното водење на реализацијата на овој Проект е обврска на Издавачкиот совет на списанието (9 члена) и Редакцијата (3 члена).

**Финансиски средства**

За реализација на Проектот, потребни се финансиски средства за:

- авторски хонорари (трудови, превод, редакција) = 70,000,00

- печатарски трошоци и тех. уредување (2 броја по 110 стр. , тираж 300) = 120.000,00

ВКУПНО = 190.000, ден.

**Очекувани ефекти**

Можноста за информирање, дообразување, проблематизирање или приопштување на написи за современите текови, збиднувања и развој на библиотечната дејност општо што ја создава објавувањето на стручното списание „Библиотекарство" е со цел да

ефектуира во подобрување и иновирање на вкупната работа на библиотеките во РМ.

Притоа, и меѓу другото, од особена полза е неизоставната компарација на нашите состојби со практикувањето библиотекарство во светот, а со цел за одредување правци на развој во оваа сфера кај нас.

И, сето тоа, во име на што поуспешно задоволување на потребите на корисниците - смислата или мисијата на постоењето библиотеки.

Афирмирање на нашите поединечни и заеднички теоретски, методолошки, организациски, истражувачки и аналишички тези, проекции, пристапи или остварувања низ нивно приопштување до библиотечната, административната и друга сродна јавност кај нас и во светот.

Продолжување на следењето и документирањето на историјата на библиотеките и библиотечната дејност во Република Македонија.

Библиотекарско друштво на Македонија
Претседател,
Зорка Чекичевска

## БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ

Подносител на проектот:

**Библиотекарско друштво на Македонија**

Назив на проектот:

**Менаџирањето на јавните библиотеки во услови на премин на нивното финансирање на локално ниво**

**Раководител:**

М-р Нада Караџоска, Народна библиотека „Борка Талески"- Прилеп

адреса/седиште на БДМ: НУБ „Св. Климент Охридски" Скопје, Бул. „Гоце Делчев" бр. 6 bdm@nubsk.edu.mk

**Цел**

Здобивање со знаења за вештините и техниките на менаџирањето со јавните библиотеки во услови на нивен премин од центалната на локална власт – промена од есенцијално значење за оваа дејност. Проектот е во функција на што поуспешно остварување мисијата на библиотеките (протек на библиографски информации и овозможување нивно користење).

Проектот е наменет за директори, делумно и за вработени во библиотеките.

**Опис на активностите**

Организирање обука на директорите во доменот на менаџирањето со библиотеките во изменити услови на теми:

- премин на јавните библиотеки на локално ниво (техники и вештини за водење на состаноци и тимска работа),

- правила и методологија на подготовка и водење на проекти,

- промовирање на библиотеките во локалните средини, спонзорства и примена на маркетингот во библиотечното работење.

**Динамика на реализација**

Проектот ќе се реализира како тридневен семинар.

Секоја од темите ќе биде обработена во еден ден со траење од 6 часа.

**Кадар**

Овој проект ќе го реализира стручен предавачко-консултански тим во состав:

- М-р Нада Караџоска, Народна библиотека „Борка Талески" - Прилеп (раководител на Проектот и предавач),

- Јелена Петровска, виш библиотекар и директор на НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола (предавач),

- Зорка Чекичевска виш библиотекар, НУБ „Св. Климент Охридски" – Скопје (предавач),

- Д-р Добри Петровски, Факултет за учители – Битола (стручен консултант и предавач).

**Финансиски средства:**

Зареализацијана Проектот потребнисефинансиски средства, за:

- хотелско сместување на учесниците (едно ноќевање со пансион), и тоа:

а) прв ден (32 x 1.300 ден.) = 41.600.00

б) втор ден (32 x 1.300 ден.) = 83.200.00

в) трет ден (32 x 1.300 ден.) = 83.200.00

- хотелско сместување за предавачите и гости од Министерство за култура: (8 x 1300 = 10.400 x 3 дена) = 31.200.00

- патни трошоци за предавачите = 5.000.00

- хонорари за предавачите (18 часа x 1500 ден.) = 27.000.00

- административни трошоци = 2.000.00

- поштенски трошоци = 2.000.00

- хартија за печатење на матерјали =1.000.00

- подготовка на сертификат = 25.000.00

ВКУПНО: = 301.200,00 ден.

**Очекувани ефекти:**

Оправданоста од ваков проект произлегува од, во многу нешта, новата улога на јавните библиотеки во развојот на демократското општество општо и посебно, информатичкото. Ваквиот вид обука ќе овозможи стекнување професионални знаења неопходни за новите услови на работење на овие библиотеки.

Подобрување успешноста на библиотеките односно збогатување услугите на корисниците.

Библиотекарско друштво на Македонија
Претседател,
Зорка Чекичевска

## МЕЃУНАРОДНА КУЛТУРНА СОРАБОТКА

Подносител на проектот

**Библиотекарско друштво на Македонија**

Назив на проектот

**Соработка со национални библиотекарски асоцијации**

**Раководител**

Зорка Чекичевска, Претседател на БДМ
адреса/седиште на БДМ:НУБ „Св. Климент Охридски“ Скопје, Бул. „Гоце Делчев“ бр. 6
bdm@nubsk.edu.mk; zorka@nubsk.edu.mk

**Цел**

Воспоставување соработка со национални библиотечни асоцијации, во прво време, соседни, но и, традиционално вклучувани во процесите на меѓународна соработка или со такви чии земји имаат склучено договори за културна соработка со Република Македонија.

Увидиинформирањезаправцитенаразвојнабиблиотечнатадејностводносниитеземјиилирегиони,често нам слични и по писмото, елемент од големо значење за технологијата на библиотечното работење.

Влијание во правец на обезбедување олеснувања или поволности во користењето извори на информации од одделни информативни простори по принципот на реципроцитет.

Поуки во струковното организирање на библиотекарите во асоцијација.

**Опис на активностите**

Информирање, непосреден контакт и размена на кадар и искуства по разни прашања меѓу библиотекари од асоцијации на различни зедмји согласно регулираното во билатералните спогодби за соработка на Република Македонија со нивните домицилни земји.

Директно учество во активности на библиотечни асоцијации- соработнички, можност за водење заеднички проекти.

Двонасочен достап до информации со користење одредени поволности. Промотивни активности насочени кон афирмација на достигнатото во разво-

јот на библиотечната теорија и пракса во односните средини. Соработката би била водена согласно принципот на реципроцитет.

**Динамика на реализација**

Иако прв пат пријавен оваа година, Проектот би требало да задобие континуиран односно традиционален тек.

Проектот ќе се одвива во текот на целата година.

**Кадар**

Проектот ќе биде реалиозиран од повеќе извршители со ВСП, библиотекари, виши библиотекари, библиотекарски советниц, членови на БДМ.

**Финансиски средства**

Финансиските средства за реализација на овој проект се однесуваат на престој на библиотекари од други асоцијации кај нас, патни трошоци за наши членови кои ѓе престојуваат кај странски асоцијации и на административни трошоци. Или,

- воспоставување соработка со националните библиотечни асоцијации на Србија и Црна Гора, Русија, Бугарија, Хрватска = 100.000,00

- административни трошоци = 6.000,00

ВКУПНО = 106.000,00 ден.

**Очекувани ефекти**

Информирање и запознавање со состојбите и развојот на библиотечната дејност и кадар во земјите со чии библиотечни асоцијации е воспоставена соработката.

Осознавање и можност за одредување правци на развој кои обезбедуваат наша компатибилност со практикувањето библиотекарство и информација во други земји.

Стекнување сознанија за организирањето професонално оспособување на библиотечниот кадар.

Подобрување на работењето на нашата библиотечна асоцијација.

Афирмација на нашата библиотечно-информациската дејност како и вкупноста на културните дострели.

Библиотекарско друштво на Македонија
Претседател,
Зорка Чекичевска

# АКТИВНОСТИ НА НЕВЛАДИНИ ЗДРУЖЕНИЈА ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

Подносител на проектот
**Библиотекарско друштво на Македонија**

Назив на проектот
**Инструирање во примената на подзаконските акти по Законот за библиотеки (прирачник)**

**Раководител**
Зорка Чекичевска, Претседател на БДМ
адреса/седиште на БДМ: НУУБ „Св. Климент Охридски“ Скопје, Бул. „Гоце Делчев“ бр. 6
bdm@nubsk.edu.mk; zorka@nubsk.edu.mk

**Цел**

Обезбедување унифицирана примена на подзаконските акти кои нормативно го финализираат Законот за библиотеки.

Објавување на сите подзаконски акти на едно место, нивен коментар, терминолошки и други појаснувања, разграничувања во однос на третманот на библиотечните добра како и примери за непосредна примена на актите.

Создавање едукативно помагало за сите видови библиотеки и библиотекари.

**Опис на активностите**

Подготовка на воведен текст за значењето на подзаконските акти, нивно коментирање, појаснување термини, одредување на допирните и преклопни точки со заштитата на културното наследство (библиотечни добра) и сл.

Опремување на прирачникот со примери кои ги илустрираат или објаснуваат одредбите од правните акти.

Застапени ќе бидат подзаконските акти донесени од министерот за култура и, согласно овластувањата од Законот за библиотеки, се работа за актите:

• Правилник утврдување редок библиотечен материјал,

• Правилник за стандардите за одредување на видовите библиотеки, за нивната работа, за сместувањето и чувањето на библиотечен материјал и библиотечната документација,

• Правилник за формата, содржината и начинот на водење евиденција на библиотечниот фонд

• Правилник за содржината и начинот на водење на регистарот на библиотечните копии и образецот на сертификатот што се издава за секоја копија на библиотечно добро.

**Динамика на реализација**

Периодот на реализација на Проектот ќе биде 6 месеци по објавувањето на правилниците во „Службен весник на РМ".

**Кадар**

Коментарот на подзаконските акти односно прирачникот ќе го подготват еден/двајца членови на Библиотекарстkото друштво на Македонија, познавачи на библиотекарството и правото (најмалку виши библиотекари).

**Финансиски средства:**

Зареализацијана Проектот потребнисефинансиски средства (ден.) за :

- авторски хонорари на подготвувачите на текстот на прирачникот (до 3 авторски табаци) = 42.000,00

- печатарски трошоци (тираж 200 примероци) = 10.000,00

- административниипоштенскитрошоци= 5.000,00

ВКУПНО: = 57.000,00

**Очекувани ефекти:**

Оживотворување на примената на Законот за библиотеки во принцип. Унифицирање на работењето на библиотеките во сегментите што се предмет на регулирање на подзаконските акти (правилници) како евидентирање или инвентарирање, утврдување критериуми за определување редок и сл.

Придонес во обезбедувањето идентичен третман на библиотечните добра.

Подобрување вкупната успешност во работењето на библиотеките.

Создавање едукативно помагало за обука на библиотекари во услови на непостоење поорганизирани форми на едукација на библиотекарите во Република Македонија.

Библиотекарско друштво на Македонија
Претседател,
Зорка Чекичевска

Бр. 194,
23.11.2005 год.,
Скопје

**З А П И С Н И К**
**од 6. републички натпревар**
**„Млади библиотекари"**
**21.11.2005, Крушево**

На 21.11.2005 год. во просториите на Хотелот „Монтана", а во организација на домаќинот – Домот на културата „Наум Наумовски - Борче", Библиотека од Крушево, се одржа 6. републички натпревар на членовите на секциите и клубовите „Млади библиотекари" при јавните библиотеки на Република Македонија.

На Натпреварот учествуваа 28 натпреварувачи, победници на општинските натпревари „Млади библиотекари" организирани од јавните библиотеки во текот на месец октомври 2005 год.

За регуларноста на Натпреварот се грижеше Комисијата во состав:

- Цветанка Тошевска, претседател (Градска библиотека „Браќа Миладиновци", Скопје),

- Миле Бошески, член (НУБ „Св. Климент Охридски", Скопје),

- Нада Караџоска, член (Градска библиотека „Борка Талески", Прилеп).

Секој натпреварувач, пред почетокот на Натпреваррот, на посебен образец ги впиша своите генералии и шифрата под која се натпреварува. Потоа, натпреварувачи ги ставија обрасците во пликови и ги залепија пликовите. Последниве беа отворени откако беа прегледани прашалниците и беше утврден редоследот на победниците на Натпреварот.

Според покажаните резултати, Комисијата констатира дека:

**Првото место** го освои

Димиртова Душица, ОУ „Тоде Хаџи-Тефов", Кавадарци (Народна библиотека „Феткин", Кавадарци

**Второто место** го освои

Антевска Александра, ОУ „Јан Амос Коменски",

Скопје (Градска библиотека „Браќа Миладиновци“, Скопје)

**Третото место** го освои

Кочовска Кристина, ОУ „Владо Тасевски“, Скопје (Градска библиотека „Браќа Миладиновци“, Скопје)

Како посебно успешни, Комисијата ги издвои прашалниците на тројца учесници означувајќи ги за добитници на специјална награда, и тоа:

- Михајловска Александра, ОУ „Браќа Миладиновци“, Куманово (Градска библиотека „Тане Георгиевски“, Куманово),

- Колевска Матеја, ОУ „Јан Амос Коменски“, Скопје (Градска

библиотека „Браќа Миладиновци“, Скопје)

- Крстевска Прашкева, ОУ „Никола Карев“ (Дом на културата „Наум Наумовски- Борче“ - Библиотека, Крушево).

Комисија за спроведување на натпреварот:

Цветанка Тошеска, претседател, с.р.

Миле Бошески, член, с.р.

Нада Караџоска, член, с.р.

21.11.2005 год. Претседател на БДМ

Крушево Зорка Чекичевска, с.р.

## УПАТСТВО ЗА АВТОРИТЕ

Во списанието „Библиотекарство“ се објавуваат оригинални статии, прикази, соопштенија, истражувања, портрети, анализи, прикази, рецензии, документи, хроники, преводи и сл., распоредени во рубрики.

Може да бидат објавени и други видови материјали кои, содржински, ја немаат припадноста кон него, но се од интерес на граѓаните.

Ракописите се предаваат на Редакцијата на хартија формат А4, со двоен проред на дискета. Статиите и прилозите треба да ги содржат следниве податоци:

- наслов (и поднаслов),
- име и презиме на авторот/авторите,
- академски степен/стручно звање,
- институција каде е вработен авторот/авторите,
- фотографија на авторот,
- (за оригиналните статии): апстракт на македонски и на еден светски јазик (англиски, француски, германски, руски), УДК индекс, клучни зборови и податоци за користена литература.

Редакцијата го задржува правото да врши интервенции и скратување на текстот без негово видоизменување. Таквото право ја подразбира и можноста некој текст да не биде прифатен за печатење.

Ракописите не се враќаат.

*Од Редакцијата*

**Издавањето на Списанието е со финансиска поддршка на Министерството за култура на Република Македонија.**